| 10 | Зорица Б. С. | Хемија | 7а,7б,8а,9а,9б | 8 | ООУ„ Петар Поп Арсов“ -7 часа ( VII-1, VII-2 VII-3, IX-1 и IX-3 ) | **Полн фонд** (18 часа од ЗП, од нив 11 во ООУ„Аврам Писевски“ и 7 часа во ООУ„ Петар Поп Арсов“. 2 часа од еден СИП кој ќе се предава во две полугодија во различни паралелки во шесто одделение) |
| | | Природни науки | 6б | 3 | / | |
| | | СИП -Заштита на животната средина | 6а,6б | 2 | / | |
| | | **Вкупно** | | **13** | **7** | **20** |
| 11 | Саше Ивановски | Техничко образование и информатика | 5а,6а,6б,7а,7б | 10 | ООУ „ Христијан Тодоровски Карпош“- 12 часа | **Полн фонд** (22 часа од ЗП, од нив 10 часа во ООУ„ Аврам Писевски“ и 12 часа во ООУ „ Христијан Тодоровски Карпош“) |
| | | **Вкупно** | | **10** | **12** | **22** |
| 12 | Дарко Китановски | Историја и општество | 6а,6б | 2 | / | **Полн фонд (**17 часа од ЗП и 3 часа од два СИП кои ќе се предаваат во три паралелки и тоа во I пол. еден СИП, а во второ полугодие два СИП) |
| | | Географија | 7а,7б,8а,9а,9б | 10 | | |
| | | Природни науки | 5а,6а | 5 | | |
| | | СИП - Заштита на животната средина | 5а | 1 | | |
| | | СИП - Глобално затоплување и климатските промени | 7б,8а | 2 | | |
| | | **Вкупно** | | **20** | | |
| 13 | Зоран Пржовски | Историја и општество | 6а,6б | 4 | / | **Полн фонд** (19 часа од ЗП и 3 часа админ ) |
| | | Историја | 7а,7б,8а,9а,9б | 10 | | |
| | | Граѓанско образование | 7а,7б,8а,9а,9б | 5 | | |
| | | АДМИН | / | 3 | | |
| | | **Вкупно** | | **22** | | |
| 14 | Маја Христова | Природни науки | / | / | ООУ „ Војдан Чернодрински “ 4 часа (5а,5б) | **Полн фонд** ( 11 часа во ООУ„Аврам Писевски“ и 9 часа во ООУ „ Војдан Чернодрински “, сите од ЗП) |
| | | Биологија | 7а,7б,8а,9а,9б | 10 | / | |
| | | Иновации | 9б | 1 | ООУ „ Војдан Чернодрински “ – 2 часа ( 9а, 9б) | |
| | | Хемија | / | / | ООУ „ Војдан Чернодрински “ – 3 часа (7а, 7б, 7в) | |
| | | **Вкупно** | | **11** | **9** | **20** |
| 15 | Давор Божиноски | ФЗО | 6а,6б,7а,7б,8а,9а,9б | 20 | / | **Полн фонд** (20 часа од ЗП) |
| 16 | Душко Деспотоски | ФЗО | 1а,2а,3а,4а,4б,5а | 18 | / | **Полн фонд** ( 18 часа од ЗП и 2 часа од еден ИП) |
| | | ИП- Спорт | 9б | 2 | | |
| | | **Вкупно** | | **20** | | |

**РАСПОРЕД НА ЧАСОВИ**

Распоредот на часови ќе биде изготвен до 31.8.2025 год., поради замени и потреба од ангажман на нови наставници. Истиот како Анекс ќе биде додаден во Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 година.

8.3. Работа во смени

Наставата се остварува во 180 наставни дена. Наставниот час трае 40 минути за учениците кои имаат настава со физичко присуство.
Наставата почнува во 8,00 часот, а завршува во 13,30 часот и се одвива во една смена.
На почетокот на учебната 2025/26 година опфатени се 236 ученици, распоредени во паралелки од прво до деветто одделение, од нив  шест паралелки се во одделенска настава, од прво до петто одделение, а  седум паралелки од шесто до деветто одделение.

8.4. Јазик/јазици на кој/и се изведува наставата

| | Македонски јазик | Албански јазик | Турски јазик | Српски јазик | Босански јазик |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 13 | / | / | / | / |
| Број на ученици | 236 | / | / | / | / |
| Број на наставници | 24 | / | / | / | / |

8.5. Проширена програма

Во училиштето е изработена проширена програма според која се реализираат одредени активности.
Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите за редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, како и продолжен престој во една група, потоа додатна и дополнителна настава, вонннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги организира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.
И оваа учебна година нашето училиште за учениците од прво, второ и третто одделение ќе организира прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнувањето на редовната настав и еден час по завршувањето на наставата.
Програмата е дадена во прилози.
Основното училиште организира и продолжен (дневен) престој за учениците во група и тоа, од прво до трето одделение, (прв развоен период) и четврто одделение (втор развоен период) во согласност со родителот односно старателот.

За време на продолжениот престој учениците учат, ги работат домашните задачи, работат други училишни обврски и учествуваат во културно – уметнички и други активности, согласно со Годишната програма за работа на училиштето.

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во училиштето нема комбинирани паралелки.

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

- Во училиштето учениците го изучуваат англискиот јазик како задолжителен странски јазик, францускиотјазик е втор странски јазик.

| | **Број на паралелки** | **Број на ученици** | **Број на наставници** |
|---|---|---|---|
| **Прв странски јазик - Англиски јазик** | 13 | 236 | 2 |
| **Втор странски јазик- француски јазик** | 7 | 99 | 1 |

## 8.8. Реализација на физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение

| **Одделение** | **Одделенски наставник** | **Наставник по физичко и здравствено образование** |
|---|---|---|
| **Iа** | Слободанка Пешевска | Душко Деспотовски |
| **IIа** | Александра Гавриловска | Душко Деспотовски |
| **IIIа** | Оливера Петрушевска | Душко Деспотовски |
| **Iva** | Александра Божиновска | Душко Деспотовски |
| **IVб** | Наташа Весковски | Душко Деспотовски |
| **Va** | Кристина Андриќ Стојановска | Душко Деспотовски |

## 8.9. Изборна настава

Согласно наставниот план за деветгодишно образование и спроведен прашалник за ученици, во вториот и третиот образовен период се понудија слободни изборни предметии изборни предмети за учебната 2025/2026 година. За таа цел учениците одбраа по еден од понудените слободни изборни предмети од две различни категории кои ќе ги изучуваатво првото, односно второто полугодие во учебната 2025/2026 година:

| Одделение | Име и презиме | Слободен изборен предмет |
|---|---|---|
| Iva | Љубица Манов<br>Наташа Томшиќ | Имам право (II)<br>Велосипедизам (I) |
| IVб | Љубица Манов<br>Наташа Томшиќ | Имам право (I)<br>Велосипедизам (II) |
| Va | Дарко Китановски | Заштита на животната средина (I) |
| VIIб | Дарко Китановски | Глобално затоплување и климатски промени (II) |
| VIIIa | Дарко Китановски | Глобално затоплување и климатски промени (II) |
| V a<br><br>VIa и VIб<br><br>VII a | Маја Крстева | Моделарство, креативни идеи-направи сам (II)<br><br>Техничко цртање и дизајнирање (II) (I)<br><br>Вовед во историјата на ликовната уметност и ликовниот јазик (I) |
| VIa и VIб | Зорица Бебекоска Спиридонов | Заштита на животната средина (I) (II) |
| VIIa | Слаѓана Чекичевска | Гласот на традицијата (II) |
| VIIб | Слаѓана Чекичевска | Гласот на традицијата (I) |
| VIIIa | Слаѓана Чекичевска | Гласот на традицијата (I) |
| 3a,4a, 4б, 5a,6a, 6б, 7a, 7б, 8a, 9a, 9б | Џеврије Фасљии | Јазик и култура на Ромите |

| Одделение | Име и презиме | Изборен предмет |
|---|---|---|
| IXa | Маја Крстева | Проекти од ликовната уметност (I) (II) |
| IXб | Душко Деспотовски | Изборен спорт (I) (II) |

**Во прилог анкетните листови од родителите.**

## 8.10. Дополнителна настава

Дополнителната настава се организира за учениците од прво до деветто одделение кои во текот на редовната настава не ги постигнале очекуваните резултати од одредени наставни програми или очекуваните резултати од одредени теми/области во рамките на наставнитепрограми.

| Ред. Број | Чекори | Опис |
|---|---|---|
| 1. | **Идентификација на ученици кои имаат потреба од дополнителна настава** | - ученици кои имаат помали предзнаења за наставниот предмет или одредена тема од наставниот предмет,<br>- ученици кои покажале слаби резултати од учењето,<br>- ученици што подолго време отсуствувале од настава и<br>- ученици со потешкотии во учењето. |
| **2.** | **Информирање на родителот/старателот** | - Наставникот го информира родителот односно старателот за потребата ученикот да следи дополнителна настава. |
| **3.** | **Планирање на дополнителна настава согласно наставната програма за конкретниот наставен предмет и потребите на ученикот/учениците со кој/кои се работи** | - **Дефинирање на начинот на работа**<br>Начинот на работа на наставникот на часот за дополнителна настава е, по правило, индивидуална/индивидуализирана работа. По потреба, наставникот може да организира реализација на дополнителна настава со групна форма на работа, доколку учениците имаат исти потешкотии во постигањето на очекуваните резултати.<br>- Наставникот планира и ги обезбедува материјално-техничките услови за реализација на часовите.<br>- Вклучување на родителот/старателот во планирањето на дополнителната настава.<br>- Наставниците во договор со учениците почитувајќи го времето кое им одговара, изготвува распоред и истиот јавно се прикачува. |
| **4.** | **Реализација на планираните активности и континуирано следење на напредокот на ученикот/учениците.** | Доказите за напредокот на ученикот наставникот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на наставата, информирање на родителот, односно старателот и стручната соработници во училиштето. |
| **5.** | **Соработка и информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот.** | - Редовно информирање на родителот/старателот за напредокот на ученикот и давање совети, сугестии и насоки за натамошен напредок на ученикот за конкретно подрачје/област. |
| **6.** | **Водење на педагошка евиденција за дополнителна настава.** | Наставникот уредно и континуирано води педагошка евиденција во е-дневник за дополнителна настава. |

Програмата е дадена во ПРИЛОЗИ

## 8.11. Додатна настава

Додатна настава се организира за учениците кои постигнуваат значителни резултати по одделни наставни предмет и покажуваат посебен интерес за проширување и продлабочување на знаењата за одделни наставни предмети, одделна тема/област од наставен предмет.

| Ред. Број | Чекори | Опис |
|---|---|---|
| 1. | **Наставникот ги идентификува учениците** | - напредни ученици кои имаат највисока оценка за наставниот предмет,<br>- ученици што покажуваат посебен интерес за одредена тема/област од наставната програма и<br>- ученици што се пријавуваат за учество на натпревари. |
| 2. | **Изготвување на програма за додатна настава согласно интересите на ученикот.** | • Програмата за додатана настава наставникот ја изготвува во соработка со ученикот и ја надополнува со предлози на ученикот.<br>• Наставникот ги планира и ги обезбедува материјално-техничките услови за реализација на часовите по додатна настава и изработува соодветни дидактички материјали.<br>• Вклучување на родителот/старателот во планирањето на додатната настава.<br>• Наставниците во договор со учениците почитувајќи го времето кое им одговара, изготвуваат распорот и истиот јавно го прикачуваат. |
| 3. | **Реализација на програмата за додатна настава.** | • При реализација на програмата наставникот има интерактивен пристап и користи активни методи на учење, како што се: истражувачки активности, учење со откривање и решавање на проблемски ситуации, самостојно истражување од страна на ученикот ислично. |
| 4. | **Континуирано следење на напредокот на ученикот** | • Наставникот континуирано го следи напредувањето на ученикот согласно изготвената програма со цел да го констатира развојот, да ја планира идната работа, да поставува нови предизвици за развојот на ученикот. |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | **Водење педагошка евиднција за додатна настава од страна на наставникот.** | • Наставникот доказите за напредокот на ученикот ги чува во портфолиото на ученикот. Прибраните докази му користат на наставникот за планирање на идната работа, информирање на родителот/старателот и стручната служба во училиштето.<br><br>• Наставникот уредно и континуирано води педагошка евиденција во е-дневник за дополнителна настава. |

Програмата е дадена во ПРИЛОЗИ

## Работа со надарени и талентирани ученици

Содржината со програмата за работа со надарени и талентирани ученици ќе се стави врз основа на методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон самостојно учење и користење на информации, развивање на способности, формирање вештини, умеења и постапки за доаѓање до нови решенија. За таа цел училиштето има формирано Тим кој секоја учебна година се ревидира со цел регрутирање на нови надарени и талентирани ученици.

**Програмски содржини - цели на работа**

- Примена на методолошките постапки за препознавање и идентификација на надарените ученици: опсервација на процесите кои се одвиваат при учење на одредenисодржини во или надвор од училиштето; опсервација на изведба или на продукти од одредена област; резултати од примена на психометриски инструменти;
- Самопроцена на потенцијално надарените ученици, проценка од страна народителите, наставниците и врсниците;
- Планирање, реализација и вреднување на диференцирана настава;
- Изготвување на програми за работа со надарени и талентирани ученици по одделнинаставни предмети/планирање и реализација на додатна настава;
- Водење евиденција - педагошко досие за учениците;
- Давање поддршка на учениците и нивните родители/старатели;
- Стручно усовршување на наставниците;
- Соработка со локалната заедница, институции и специјализирани здруженија.

Програмата е дадена во прилози.

## 8.12. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Со цел идентификација на учениците со посебни потреби, нивна поддршка, следење и успешна инклузија во редовното образование, училиштето има изготвено програма и акционен план за работа за ученици со ПОП. . Училишниот инклузивен тим врши процена на моменталното ниво на знаење и функционални способности на ученикот со ПОП, (ученикот доколку е во предметна настава тимот се консултира со предметните наставници), креира педагошки профил на ученикот и во соработка со родителот (по

потреба и со надворешни стручни соработници ) изготвува индивидуален образовен план или модифицирана програма. Инклузивниот тим дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа на учениците со ПОП. Училишниот инклузивен тим кој се грижи за инклузивните политики и практики на ниво на училиште е формиран со одлука од страна на директорот. УИТ е со мандат од три учебни години и е во состав од седум члена: дефектолог, психолог, директор, еден наставник од предметна, еден наставник од одделенска настава и двајца родители на ученици со ПОП. УИТ ги осмислува и спроведува активностите на ниво на училиште и води грижа да бидат усогласени и применувани во воспитно-образовната работа. За секој ученик со ПОП кој работи по ИОП, формиран е инклузивен тим за ученик за период до завршување на основното образование на ученикот кој е составен од: наставниците на ученикот, родителот/старателот, дефектологот и психологот (наведени со име и презиме во долгорочниот ИОП) и образовниот асистент (оние ученици кои имаат ОА). Инклузивниот тим за ученик, во фокусот на својата работа ги има конкретните ученици и изготвување и реализирање на нивниот ИОП.

Во училиштето, за успешна инклузија на учениците со ПОП се изготвуваат годишен (долгорочен), среднорочен (тематски) и дневен (краткорочен) ИОП и тоа за оние ученици кои не можат да постигнат цели согласно наставниот план и програма за соодветното одделение. Долгорочниот ИОП се изработува во рок од 30 дена од денот на започнување на наставата на ученикот во училиштето и се реализира во текот на целата учебна година, а краткорочниот е имплементиран во рамките на дневна подготовка со диференцирани цели, исходи и активности за ученикот со ПОП. По потреба, ИОП може да биде ревидиран (прениски, превисоки, несоодветни цели,несоодветни стратегии итн.). Во изработка и реализација на ИОП учествува инклузивниот тим за ученик согласно препораките на Регионалното стручно тело за проценка на функционирање, попреченост и здравје (според МКФ), Завод за ментално здравје на деца и младинци, Завод за рехабилитација на слух, говор и глас итн. Кај учениците со ПОП кои имаат потешкотии во учењето или емоционални потешкотии но ги постигнуваат целите од наставниот план и програма се применува диференциран пристап во планирањето и реализацијата на наставата за да им овозможи на учениците да учествуваат и можност да ги постигнат резултати од учењето. За учениците со комплексни потреби УИТ изготвува модифицирана програма и истата се подготвува за секој воспитно-образовен период на основното образование (I-III, IV-VI, VII-IX).

Планираните активности кои се однесуваат на идентификација, поддршка и следење на учениците со ПОП од страна на членовите на УИТ и инклузивните тимови за ученик со ПОП, подетално се конкретизирани во програмата и акциониот план на УИТ. Училиштето континуирано соработува со Ресурсниот центар, ОУРЦ „д-р Златан Сремец” - Скопје.

***Програмски содржини-цели на работа:***

- формирање на Училишен тим за инклузија, согласно ЗОО
- обезбедување услови за подобра реализација на образовниот процес што ќе одговара на потребите на сите ученици
- анализа на актуелната состојба во училиштето, идентификација на децата со потешкотии и потребите за додатна поддршка/планирање и реализација на дополнителна настава
- планирање, реализација и вреднување на диференцираната настава
- функционирање на инклузивни тимови за индивидуална работа со ученици/изготвувањето и примена на индивидуален образовен план (ИОП) и Модифицирана програма,следење на реализацијата на ИОП и Модифицирана програма и евалуација
- водење евиденција – педагошки профил на ученикот со посебни образовни потреби
- давање поддршка на учениците со посебни образовни потреби и на нивните родители
- организирање/реализирање интерни обуки за наставниците што работат со ученици со ПОП
- стручното усовршување на наставниците
- соработка со Општина, стручни институции и специјализирани здруженија
- соработка со родителите на учениците со ПОП, како и со други лица по предлог на родители

Учениците со посебните образовни потреби според ЗОО се:
- ученици со попреченост се оние кои имаат долготрајни физички, ментални, интелектуални сетилни оштетувања,кои во интеракција со различните општествени бариер може да го попречат нивното целосно и ефективно учество во општеството на еднаква основа со другите, - ученици со нарушување во однесувањето или емоционални проблеми  или со специфични тешкотии воу чењето и
- ученици кои потекнуваат од неповолни социо-економски, културни, и/или јазични депривирани средини.

| Конкретна цел | Активности | Вклучени субјекти | Инструменти и техникикои се користат | Временска рамка | Индикатор на успех |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.<br>Да се идентифику ва ат учениците со потешкотии во учењето** | -Формирање на тим за соработка<br>-Одредување временски период за соработка со наставници<br>-Одредување начин и временски период за соработка со родители | -Ученици -Стручни соработници (психолог, педагог, дефектолог) -Наставници (одд. раководител, други наставници) -Родители -Стручни лицаод други институции | -Скала за проценка на потешкотии во учењето -Проективни техники -Стручна литература -Наставни средства и помагала | Континуирано во текот на целата учебна година | -Формиран е тим за соработка -Идентификува ни се учениците со потешкотии во учењето -Одреден е временски период и начин за соработка со наставници и родители |
| **2.<br>Да се идентифику ва/открие проблемот кај конкретен ученик** | -Водење на ученичко досие<br>- Одредување начин и временски прериод за соработка со родители -Одредување начин и временски прериод за соработка со други институции | Ученици -Стручни соработници (психолог, педагог, дефектолог) -Наставници (одд. раководител, други наставници) -Родители -Стручни лицаод други институции | -Интервју (разговор) со ученикот, наставникот и родителот -<br>-Проективни техники -Стручна литература -Наставни средства и помагала | Континуирано во текот на целата учебна година | -Идентифику ван/откриен е проблемот кај конкртен ученик -Остварена е соработка со сите вклучени субјекти -Користени се планирнаите инструменти, техники и наставни средства и помагала -Водено е ученичко досие |
| **3.<br>Да се постигне соодеветен** | -Следење на протоколот за работа -Одредување методи за работа | -Ученици<br>-Наставници -Стручни соработници | -Прирачници за примена на соодветни методи и | Континуирано во текот на | -Вклучени се сите субјекти<br>- Изведени се планираните |
| **успех/подоб ру вањена постигањата на ученикот /надминува ње на потешкотиит ево учењето** | -Континуирана соработка со сите вклучени субјекти -Редовно известување за сите претходно планирани активности за конкретиот ученик -Проверување на ученикот | -Родители<br>- ОА | техники за учење<br>- Стручна литература<br>-Наставни средства и помагала | целата учебна година | активности -Ученикот е проверен со соодветни методи -Информирани се родителите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.Да ги прифатиме лицата со ПОП како дел од нашето општестворазвивање емпатичност** | Учество со различни музички точки хор оркеста или вокален интерпретатор или ритмичка точка на организиран настан за лицата со посебни потреби | Ученици - Наставник по музичко и други наставници -Стручни соработници -Родители | Приредба со различни музички точки | Континуирано во текот на целата учебна година | Соработка со здруженија кои организираат хуманитарни настани за лицата со ПП |

## 8.13. Туторска поддршка на учениците

Според Член 36 од Законот за основно образование („Службен весник на РСМ“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25), Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование ја утврдува министерот, која што има за цел дополнителна поддршка за учениците кои имаат потешкотии во учењето и кои не можат да ги постигнат резултатите од учењето со преодна оценка, по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот, а по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот. Училиштето поукажана потреба ќе излезе во пресрет на родителите.

## 8.14. План на образовниот медијатор

На почетокот од учебната година училиштето врши процена за потребата од ангажирање на образовни медијатори за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или се подолго време надвор од образовниот систем и најдоцна до 15 септември доставува барање до Министерството заобразование и наука.

# 9. Воннаставни активности

Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се организираат согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот за образование. Согласно Програмата на училиштето, а во рамките на воспитно-образовната дејност училиштето организира и остварува разновидни воннаставни активности. Тие се прилагодени на индивидуалните потреби на ученици и со разлики меѓу секој ученик, со цел секој да има можност да ги пронајде и развива своите потенцијали, знаења и способности. Присуството, ангажираноста и напредокот на учениците ќе се евидентира од страна на одговорниот наставник.

## 9.1. Училишни спортски клубови

Училишниот спортски клуб активно работи и ги опфаќа сите ученици од 1 – 9 одделение. Во програмата се застапени одбојка од спортските игри и коректовна гимнастика. Вкупно брои околу 35 членови. Одговорни наставници за спроведување на активностите се Душко Деспотовски и Давор Божиноски.

## 9.2. Ученички акции

Акциите се воннаставни активности кои можат да имаат општествен, хуманитарен или друг карактер. Тие се организираат во самото училиште (во една паралелка, група ученици од една година/одделение или учествуваат ученици од целото училиште). Некои акции се насочени и кон заедницата и опфаќаат активности што се реализираат надвор од училиштето, а во некои акции се вклучуваат и други надворешни лица. Во нашето училиште постојат тимови кои во своите програми и акциони планови планираат акции како на пр: приредби, базари, случувања,хуманитарни и еколошки акции, конкурси и сл.

*Тим за организација на 7 јавна и културна дејност во училиштето*. Цел на тимот: развивање творечки способности кај учениците, афирмација на училиштето и успешна комуникација со јавноста. План во ПРИЛОЗИ

*Тим за соработка со родители/старатели.* Цел на тимот: подобрување и продлабочувањена соработката со родителите/старателите.

*Детска организација* - Цел на тимот: во наставата да се посвети внимание на значајнитедатуми инастани од секојдневниот живот

*ЕКО тимот* - Цел на тимот: поголем ангажман на учениците и вработените во училиштетоза изгледотна училишната зграда и училишниот двор (чисто училиште, зголемување на бројот на дрвја, засадување на сезонско цвеќе), заштеда на вода и енергија, бројни акции, кампањи и сл.активности.

*Меѓуетничка интеграција на младите во образованието* - Цел на тимот: реализирање наативности за запознавање и јакнење на мултикултурата и заедницата, почитување и прифаќање на различностите.

*Превенција од насилно однесување* - Цел на тимот: учениците да се запознааат совидовите на насилно однесување и начините на справување со истите.

*Антикорупциска едукација на учениците во основните училишта*. Цел на тимот: да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност.

*Црвен крст*- Цел на тимот: создавање, развивање и негување хигиенски навики кајучениците, подигнување на нивото на здравствената култура, оспособување на подмладокот за

укажување прва помош во случај на несреќи, развивање на чувства за хуманизам, солидарност, сочуство, толеранција и почитување, како и водење постојанагрижа за здравјето преку здрава исхрана и здрава и чиста средина за живеење.

*Тим за естетско уредување на училиштето* - Цел на тимот: естетско уредување на просторот во училиштето со поттикнување на креативноста и фантазијата на учениците.

# 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент ги врши следните задачи:

- активно учествува во застапување и промовирана правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено кориснаработа.

Претседателот на ученичкиот парламент ќе се избере со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Планот за работа на ученичкиот парламент е приложен во прилозите на годишната програма.

## 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент.

Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките.

Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент ги врши следните задачи:

- активно учествува во застапување и промовирана правата и интересите на учениците,
- го промовира ученичкиот активизам,
- учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности,
- учествува во подготовката на годишната програма за работа,
- дава предлог активности за годишните програми за екскурзии,
- дава предлози за воннаставни активности на училиштето,
- дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард,
- учествува во евалуацијата на работата на училиштето,
- преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено кориснаработа.

Претседателот на ученичкиот парламент ќе се избере со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање.

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање. Планот за работа на ученичкиот парламент е приложен во прилозитена годишната програма.

ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПАРЛАМЕНТ

| **Ред. бр.** | **Вид на активност** | **Време на реализација** | **Одговорен наставник** | **Пред кого е реализирано/ начин на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Спроведување на процедура за избор на ученички парламент; Координативни тела на ученички парламент; Координатор на паралелки од генерација; Координативни тела на ученички парламент | септември, 2025 год. | Наставник по граѓанско образование,психолог, директор, тим за поддршка | Претседатели и потпретседатели на заедници на паралелки од 1-9 одделение | Формиран ученички парламент и избрани координато ри и координато рно тело на ученичкиот парламент |
| 2. | Предлог годишна програма за училишен парламент | септември - октомври, 2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Усвоена програма за рабтоа на УП |
| 3. | Културно однесување и позитивна комуникација помеѓу учениците | октомври, 2025 година | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Воспоставена подобрена меѓуврсничка комуникација и изградени културни вредности помеѓу учениците |
| **4.** | Работилница и активности поврзани со интеркултурно образование | октомври 2025 мај 2026 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Имплементациј а на мултикултурнот о образование во училиштето преку однапред из-готвени работилници |
| **5.** | Иницијатива – од ученици-те за реализација на хуманитарни акции | ноември, 2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Развиена свест за хуманост, човечност и солидарност со ранливите категории на населението во нашето општество |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6.** | Еколошка акција: Уредување и украсување на училишниот двор | декември, 2025 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Изработка и реализација на проектот во практика |
| **7.** | Антибулинг диускусија/ дебата: Како булингот влијае на учениците? | јануари, 2026 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Дебата и дискусија за решавање на одредени проблемите помеѓу врсниците |
| **8.** | Унапредување на демократската клима во училиштето | февруари, 2026 год | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Воспоставен дијалог и подршка за проактивно учество на учениците во донесувањето на одлуки во училиштето |
| **9.** | Социјализација на личноста во групата | март, 2026 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Прилагодба и стекнати вештини за начин на однесување во група |
| 10. | Граѓанско општество: „Сите сме еднакви“ | април, 2026 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | избрани ученици за учество на училишен парламент | Изграден однос и почит кон вредностите на сите паартиципиенти во граѓанското општество |
| **11.** | Училиште без дискрими-нација | јуни, 2026 год. | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на ученички парламент | Развиена свест за нега-тивните последици на дискриминацијата и изграден позитивен однос кон позитивната пракса за разрешување на истата. |

Директор – Александра Смилковска,
психолог – Мери Синадиновска,
предметеннаставник по историја и по граѓанско образование – Зоран Пржовски

ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКИОТ ПРАВОБРАНИТЕЛ

| Ред. бр. | Вид на активност | Време нареализација | Одговорен наставник | Пред кого е реализирано/ начин на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Информирање за улогата на Ученичкиот парламент и ученикот правобранител на останатите субјекти во училиштето | септември 2025 година | директор, тим за поддршка | Наставници од одделенска и предметна настава Претседатели на заедници на паралелки | Демократско учество на учениците во процесот на одлучување и сло-бодно изразувањена сопственото мислење |
| 2 | Спроведување на проце-дура за избор на ученички правобранител | септември, 2025 год. | директор, тим за поддршка | Претседатели и потпретседатели на заедници на паралеки од 1-9 одделение | Избор на ученик правобранители негови /нејзини заменици од уче-ници од седмо до деветто одделение |
| 3 | Воспоставува ње на модел ученик правобранител | октомври 2025 | директор, тим за поддршка | Претседатели и потпретседател и на заедници на паралеки од 1-9 одд. | Заштита на правата на учениците |
| 4 | Презентација на искуства и модели за работа на ученик правобранител | ноември 2025 | Тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на заед-ници на паралеки од 1 | Насоки за работата на ученикот правобранители неговите заме-ници |
| 5 | Формирање комисија за евалуација на претстав-ки и пријави | ноември-декември 2025 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на заед-ници на паралеки од 1 | Транспарентна работа на ученикот правобранител и соодветно процесуирање на пријавите |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **6** | Состаноци со ученички правобранител | октомври 2025 мај 2026 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и пот-претседатели на заед-ници на паралеки од 1 | Заштитата на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за учество во донесување на одлуки |
| **7** | Извештај за работата на ученичкиот правобра-нител | октомври 2025 мај 2026 | Претседател на ученички парламент тим за поддршка | Претседатели и потпретседатели на заедници на паралеки од 1 | Подобрена состојбата на имплементација за ученичко учество и заштита на детските права во училишниот живот, развивање на критичко мислење кај учениците, поддршка за проактивно учество во донесување на одлуки |

**Тимот за поддршка на работата на ученичкиот парламент и ученикот правобранител:**

Директор – Александра Смилковска,

психолог Мери Синадиновска,
предметен наставник по историја и по граѓанско образование – Зоран Пржовски

# 11. Вонучилишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети, настава во природа и посети

Екскурзии, излети, настава во природа и посети

| Тим за изработка на програма за екскурзии, излети и настава во природаи посети | Екскурзии, излети , настава во природа и посети |
|---|---|
| Сите наставници | Пролетен еднодневен излет од 1 до 9 одд |
| Наташа Томшиќ и Зоран Пржовски | Дводневна екскурзија 6 одд |
| Маја Христовска и Александра Илиевска | Тродневна екскурзија 9 одд. |

| | |
|---|---|
| (деветто одделение) | |
| Кристина Андриќ Стојановска  (петто одд) | Настава во природа 5 одд. |
| Зоран Пржовски | Музеј на македонската борба од 6 до 9 одд |
| Дарко Китановски и Зорица Б. Спиридонов | Природонаучен музеј од 5 до 7 |
| Зоран Пржовски | Музеј на град Скопје од 6 до 9 |
| Зоран Пржовски | Музеј на холокаустот од 7 до 9 одд |
| Дарко Китановски | Планетариум од 5 до 7 одд. |
| Татијана Митрички | Библиотека од 3 до 8 одд |
| Наташа Томшиќ и Љубица Манов | |
| Ивана Ристоска (седмо одд.) | Театар од 1 до 9 одд |
| Класен раководител (петто одд,) | ЗОО од 1 до 5 одд |
| Маријана Грчевска Чадиковска | Дом за стари лица Мајка Тереза |
| Слаѓана Чекичевска | Музичко балетски училиште ,,Илија Николовски Луј’’<br>Дом за стари лица Мајка Тереза<br>Институт за фолклор |
| Маја Крстева | Меѓународна детска ликовна колонија од 7 до 9 одд |
| Оливера Петрушевска | Еднодневна екскурзија 3 одд. |

11.2. Екскурзии, излети, настава во природа и посети

На почеток на учебната година во училиштето ќе се спроведе анкета со учениците и ќе се направи листа на ученици кои се вклучени во вонучилишни активности: 15 ученици– спортски клуб.

## 12. Натпревари за учениците

| **Ред . бр.** | **Вид на активност** | **Време на реализација** | **Одговорен наставник** | **Пред кого е реализирано / начин на реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 . | Избор на Карпош има талент на ниво на училиште | октомври, 2025год. | Наставник по музичко,македонски јазик, одделенски наставници | Ученици од 6 до 9 одд | Избор за претставник/ претставници на нашето училиште од ученици , и публика од ученици од 6 до 9 одд |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.** | Натпревар на општина Карпош,,Карпош има талент’’ | Ноември 2025год. | Наставник по Музичко образование македонски јазик, одделенски наставници | Ученици од 6 до 9 одд | Учесник- ци - натпревручачи избрани од нашето училиште кој ќе сенатпреваруваат на настанот,, Карпошима талент‘’ |
| **3.** | Општински натпревар на вокални интерпретатори,хор и оркестар во организација на ЗМПРМ | Април, 2026 | Наставник по Музичко | Публика од училишта кои ќе се натпреварува ат | Претставник од нашето училиште кој ќе се натпреварува |
| **4.** | Регионален натпревар на вокални интерпретатори,хор и оркестар во организација на ЗМПРМ | Април 2026 | Наставник по Музичко | Публика од училишта кои ќе се натпреварува ат | Доколку се пласира представникот/представниците од нашето училиште од општински натпревар ќе се натпреварува на регионален |
| **5.** | Државен натпревар на вокални интерпретатори,хор и оркестар во организација на ЗМПРМ | Мај 2026 | Наставник по Музичко | Публика од училишта кои ќе се натпреварува ат | Доколку се пласира на вокален интерпретатор,хор или оркестарна регионален од нашето училиште натпревар ќе се натпреварува на државен.<br>(доколку е надвор од Скопје патни трошкови и јадење околу 5000,00 денари) |
| **6.** | Натпревар на Хорови на општина Карпош<br>,,Училишен хорски натпревар’’ | Мај/јуни 2026 год | Наставник по Музичко образование, македонски јазик, | Публика од 10 те училишта на Карпош Ученици од 6,7 8и 9 одд представници на Карпош | Учествува хорот при училиштетоООУ,,Аврам Писевски’’<br>(Автобус до објектот во кој се реализира) |
| **7.** | Општински натпревар по Англиски јазик за ученици од петто до деветто одделение | Март 2026 | Наставници по англиски јазик | Се организира пред претставници од ЕЛТАМ | Оние ученици кои ќе имаат над 80 поени се пласираат на регионален натпревар и освојуваат трето, второ или прво место. |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **8.** | Регионален натпревар по Англиски јазик за ученици од петто до деветто одделение | Април 2026 | Наставници по англиски јазик | Се организира пред претставници од ЕЛТАМ | Оние ученици кои ќе имаат над 86 поени се пласираат на државен натпревар и освојуваат второ или прво место. |
| **9.** | Државен натпревар по Англиски јазик за ученици од петто до деветто одделение | Мај 2026 | Наставници по англиски јазик | Се организира пред претставници од ЕЛТАМ | Само еден ученик освојува прво, второ или трето место според добиените поени. |
| **10.** | Меѓународен натпревар по Англиски јазик Willkommen | Март 2026 | Наставници по Англиски јазик | Организирано од страна на Willkommen | Учениците се бодуваат според одредени критериуми од Willkommen |
| **11.** | Општински натпревар по Прва помош | Мај 2026 | Маја Христовска<br>Снежан Богдановиќ<br>АнаДеспотовска | Организиран од страна на Црвен крст - ОО Карпош | Една екипа освојува прво,второ или трето место според добиените поени |
| **12.** | Општински наптревар по Математика за ученици од четврто до девето одделение | Јануари/ Февруари 26 | Наставници по математика и наставници од одделенска настава | Организиран од Сојуз на математичари | Учениците со освоено прво,второ или терто место продолжуваат на Регионален натпревар |
| **13.** | Регионален натпревар по Математика за ученици од четврто до девето одделение | Март 2026 | Наставници по математика и наставници од одделенска настава | Организиран од Сојуз на математичари | Учениците со освоено прво,второ или терто место од шесто до девето одделение продолжуваат на Државен натпревар |
| **14** | Државен натпревар по Математика за ученици од шесто до девето одделение | Април 2026 | Наставници по математика | Организиран од Сојуз на математичари | Дипломи според освоено место |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **15** | Општински наптревар по Природни науки, Биологија и Хемија | Февруари /Март 2026 | Наставници по биологија и хемија и наставници од одделенска настава | Македонско биолошко друштво, Схтм Сојуз на Хемичари | Учениците со освоено прво,второ или терто место продолжуваат на Регионален натпревар |
| **16** | Регионален натпревар по Природни науки, Биологија и Хемија | Април/Мај 2026 | Наставници по биологија и хемија и наставници од одделенска настава | Македонско биолошко друштво, Схтм Сојуз на Хемичари | Учениците со освоено прво,второ или терто место продолжуваат на Државен натпревар |
| **17.** | Државен натпревар по биологија , хемија и природни науки | Јуни 2026 | Наставници по биологија и хемија и наставници од одделенска настава | Македонско биолошко друштво, Схтм Сојуз на Хемичари | Развивање на интересот кон природните наики |
| **18** | Регионален натпревар по Македонски јазик за ученици од шесто до деветто одделен | Март/април 2026 | Наставници по македонски јазик | Сојуз на ДМЈЛ | Оние ученици кои ќе имаат над 75 поени се пласираат на Државен натпревар и освојуваат трето, второ или прво место. |
| **19** | Државен натпревар по Македонски јазик за ученици од шесто до деветто одделение | Мај/Јуни 2026 | Наставници по македонски јазик | Сојуз на ДМЈЛ | Само еден ученик освојува прво, второ или трето место според добиените поени. |
| **20.** | Литератуни конкурси | Септември/јуни 2025/2026 | Наставници по македонски јазик и одделенски наставници | Литературни друштва и здруженија | Дипломи според освоеното место |
| **21.** | Државен Рецитаторски натпревар | Март/април 2026 | Наставници по македонски јазик | Сојуз на ДМЈЛ | Дипломи според освоеното место |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **22** | Државни и Меѓународни ликовни конкурси и натпревари | Сеп/ јуни 2025/26 | Маја Крстева | Учениците од VI до IX одд | Дипломи според освоено место |
| **23** | Ликовни конкурси | Септември/ју ни 2025/2026 | Наставници по ликовно образование и одделенски наставници | Општински здруженија, јавни и приватни претпријатија | Дипломи според освоеното место |
| **24** | Општински натпревари во одбојка и фудбал | Септември/ Мај 2025/2026 | Наставници по ФЗО | Општина Карпош<br><br>Ученици од 6-9 одд | Дипломи според освоеното место |

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Директорот на училиштето формира тим за училишна интеграција за период од три години, составен од пет до седум члена и тоа претседателот на ученичкиот парламент, ученичкиот правобранител и од редот на стручните соработници и наставници. Директорот е член на тимот за училишна интеграција по функција. Тимот за училишна интеграција планира и организира активности кои придонесуваат кон почитување на мултикултурализмот и за развој на интеркултурниот дијалог/интеракција и унапредување на меѓуетничката интеграција, ќе ја подобри меѓуетничката кохезија меѓу учениците во училиштето преку создавање услови за позитивна интеракција и градење на демократски и граѓански вредности. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците ќе изработи план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличностите, прифаќање на различностите, сузбивање на стереотипите и предрасудите. Нашето училиште е мултиетничко така што постојано се води грижа учениците без оглед на националноста да бидат вклучени во сите активности. Се води грижа кај учениците од сите етнички групи да се развива толеранција, развивање на почит и однос кон различностите и се определени активности во насока на меѓусебно запознавање. Формиран е тим одговорен за оваа компонента во состав:

- Александра Смилковска-директор

- Наташа Томшиќ-координатор
- Емилија Богдановска-педагог
- Мери Синадиновска - психолог
- ученички правобранител
- претседател на ученички парламент.

Нашето училиште е партнер училиште со ООУ” Лиман Каба”с. Љуботен, Бутел кадешто настава се одвива на албански јазик. Секоја година учествуваме во МИО активности предвидени со Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието и добиваме грант од 30 000 денари од страна на Министерството за образование и наука. Секоја година се земаат во обзир различни наставници, различни теми, различни одделенија. Тимот за училишна интеграција во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредување на интеркултурализмот, препознавање на сличности меѓу двата етникуми, но и почитување на разликите помеѓу нив.

## 14. Проекти што се реализираат во основнотоучилиште

**Проектни активности во училиштето:**

- **Проект за меѓуетничка интеграција на младите во образованието**

**Тимот за училишна интеграција** ќе се грижи за спроведување на МИМО активностите на ниво на училиште и со проширување на партнерство со други училишта, покрај партнерското училиште Лиман Каба.
**Тимот за училишна интеграција** во соработка со наставниците задолжително изработува план за активности кои ќе бидат планирани и во годишната програма на училиштето во насока на унапредувањето на интеркултурализмот, препознавање на сличности меѓу двата етникуми, но и почитување на разликите помеѓу нив.
Оваа учебна година 2025/2026 повторно се планира да се аплицира со училиштето Лиман Каба за грантот во износ од две просечни плати од Министерството за образование и наука и истите ќе имаат за цел развој и унапредување на мултикултурализмот, меѓуетничка интеграција и толеранција во училиштето.

- **Проект за унапредување на емоционалното и менталното здравје на учениците - активности/работилници за подобрување на безбедноста и добросостојбата на учениците:**

Тимот на стручни соработници ќе се грижи за спроведување на Акциските планови на наставниците и ќе спроведува индивидуален Акциски план во учебната 2025/2026 година за Психосоцијалното здравје кај учениците преку Програма за поддршка на менталното здравје и психосоцијален развој на учениците.

Програмата е од превентивен и инструктивен карактер и наменета за поддршка на учениците и сите други субјекти вклучени во работата со учениците.

Целта на програмата е да им се овозможи поддршка на учениците за унапредување на добросостојба, менталното здравје и психосоцијален раст и развој, како и подобрување на образовните ефекти и перформанси кај учениците.

Како посебна цел има да се промовира и унапредува секој облик на здрав стил на живеење како превентива на негативните облици на однесување.

Задача на оваа програма е да ги систематизира постоечките и новите облици на работа во координација со воспитно образовниот процес со кој ќе се работи на подигнување на квалитетот на животот на учениците.

Програмата ги опфаќа најважните подрачја: работа со учениците, работа со родителите и соработка со локалната средина (со надворешни институции).

Носители на оваа програма се сите вработени во училиштето, а најодговорни за реализација на оваа програма се директорот, стручните соработници, сите наставници, и особено класните раководители.

# **15.** Поддршка на учениците

## 15.1. Постигнување на учениците

| Наставен предмет | | | *Преглед на успех по предмети за вториот период IV-VI одделение* | | | | | | *Преглед на успех по предмети за третиот период VII-IX одделение* | | | | | *Преглед на збирен успех по предмети за II и III период* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *Кат.* | *Ред. Бр* | *Назив на наставен предмет* | IVа | Vа | Vб | VIа | VIб | ЗБИР | VIIа | VIIIа | VIIIб | IXа | ЗБИР | Збир II и III период |
| *Задолжителни предмети* | *1* | Македонски јазик | 3.63 | 3.73 | 3.38 | 2.88 | 2.91 | 3.37 | 3.00 | 3.33 | 3.38 | 4.47 | 3.53 | 3.43 |
| | *2* | Англиски јазик | 3.85 | 3.93 | 3.62 | 3.13 | 3.45 | 3.63 | 3.00 | 3.50 | 3.62 | 3.93 | 3.47 | 3.57 |
| | *3* | Француски јазик | / | / | / | 3.19 | 3.00 | 3.11 | 2.79 | 3.25 | 3.38 | 3.80 | 3.27 | 3.22 |
| | *4* | Математика | 3.48 | 3.53 | 3.46 | 2.75 | 3.00 | 3.28 | 2.68 | 3.08 | 2.77 | 2.93 | 2.85 | 3.10 |
| | *5* | Историја и општесто | 3.89 | 3.40 | 3.38 | / | / | 3.64 | / | / | / | / | / | 3.64 |
| | *6* | Историја | / | / | / | 3.31 | 3.45 | 3.37 | 2.79 | 3.83 | 3.77 | 4.87 | 3.75 | 3.63 |
| | *7* | Географија | / | / | / | 3.44 | 3.27 | 3.37 | 3.21 | 4.25 | 4.46 | 4.67 | 4.07 | 3.85 |
| | *8* | Биологија | / | / | / | / | / | / | 2.84 | 3.58 | 3.69 | 4.20 | 3.53 | 3.53 |
| | *9* | Физика | / | / | / | / | / | / | / | 3.00 | 2.85 | 3.20 | 3.03 | 3.03 |
| | *10* | Хемија | / | / | / | / | / | / | / | 3.50 | 3.62 | 4.13 | 3.78 | 3.78 |
| | *11* | Ликовно образование | 4.00 | 4.67 | 4.15 | 3.50 | 3.55 | 3.99 | 3.26 | 4.33 | 5.00 | 5.00 | 4.31 | 4.12 |
| | *12* | Музичко образование | 4.41 | 4.47 | 4.08 | 3.63 | 3.45 | 4.09 | 3.42 | 4.17 | 4.85 | 4.60 | 4.19 | 4.13 |
| | *13* | Физичко и здравствено обр. | 4.74 | 5.00 | 5.00 | 3.25 | 3.64 | 4.39 | 3.79 | 3.42 | 4.31 | 4.53 | 4.02 | 4.23 |
| | *14* | Информатика | / | / | / | 3.75 | 3.64 | 3.70 | 3.11 | / | / | / | 3.11 | 3.46 |
| | *15* | Природни науки | 3.48 | 3.60 | 3.46 | 3.56 | 3.36 | 3.50 | / | / | / | / | / | 3.50 |
| | *16* | Техничко образование | / | / | / | 3.75 | 3.64 | 3.70 | / | / | / | / | / | 3.70 |
| | *17* | Техничко образование и инф. | 3.96 | 4.40 | 4.46 | / | / | 4.20 | / | / | / | / | / | 4.20 |
| | *18* | Етика | / | / | / | / | / | / | 3.11 | / | / | / | 3.11 | 3.11 |
| | *19* | Иновации | / | / | / | / | / | / | / | / | / | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| | *20* | Граѓанско образование | / | / | / | 4.63 | 4.00 | 4.37 | / | 4.00 | 4.23 | 5.00 | 4.45 | 4.42 |
| | | ***Збир*** | **3.94** | **4.08** | **3.89** | **3.44** | **3.41** | 3.71 | **3.08** | **3.63** | **3.84** | **4.31** | **3.71** | **3.73** |
| **Изборни предмети** | *21* | Јазик и култура на Ромите | 3.50 | 4.17 | 4.33 | / | 3.44 | 3.77 | 3.22 | 3.00 | 4.67 | 4.67 | 3.67 | 3.73 |
| | *22* | Спорт | / | / | / | / | / | / | / | 4.00 | / | / | 4.00 | 4.00 |
| | *23* | Нашата татковина | / | / | / | / | / | / | / | / | 5.00 | 5.00 | 5.00 | 5.00 |
| | | **Збир** | **3.50** | **4.17** | **4.33** | **#DIV/0!** | **3.44** | **3.77** | **3.22** | **3.50** | **4.83** | **4.83** | **4.22** | **4.24** |
| ***Слободни изборни предмети (нова концепција)*** | *24* | Финансиска писменост | / | / | / | / | / | / | 3.95 | / | / | / | 3.95 | 3.95 |
| | *25* | Оригами | 4.26 | 5.00 | 5.00 | / | / | 4.64 | / | / | / | / | / | 4.64 |
| | *26* | Имам право | 4.63 | / | / | / | / | 4.63 | / | / | / | / | / | 4.63 |
| | *27* | Математички игри | / | 4.20 | 4.23 | / | / | 4.21 | / | / | / | / | / | 4.21 |
| | *28* | Етика во религиите | / | / | / | 4.63 | 4.27 | 4.48 | / | / | / | / | / | 4.48 |
| | *29* | Велосипедизам | / | / | / | 4.38 | 4.27 | 4.33 | / | / | / | / | / | 4.33 |
| | *30* | Математичко - логичко резонирање | / | / | / | / | / | / | 3.95 | / | / | / | 3.95 | 3.95 |
| | | ***Збир*** | **4.44** | **4.60** | **4.62** | **4.50** | **4.27** | **4.46** | **3.95** | **/** | **/** | **/** | **3.95** | **4.31** |
| *Збирно за сите наставни предмети* | | | **3.99** | **4.18** | **4.05** | **3.58** | **3.27** | **3.89** | **3.24** | **3.62** | **3.97** | **4.38** | **3.81** | **3.92** |

Постигнувањата на учениците се составен дел на извештаите за успехот кои редовно се следат, бележат и се прават споредбени анализи, а истиот начин на работа ќе продолжи и оваа учебна година.
Предлози во правец на подобрување на успехот ќе даваат и одделенскиот и наставничкиот совет како и советот на родители. Наставничкиот кадар и стручната служба водат целосна и уредна документација која сеоднесува на напредокот и постигнувањата на учениците во текот на учебната година по класификациони периоди.
Стручните соработници вршат анализа на успехот по предмети, паралелки и советодавна консултативнаработа со учениците на квартално ниво, како и давање поддшка на учениците со посебни образовни потреби. Сите активности се вршат со цел подобрвање на постигнувањата на учениците и давање поддршкана учениците за подобрување на резултатите по предмети, паралелки и на индивидуално ниво.

| Цел: Давање поддршка на ученици за подобрување на резултатите | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Задачи | Активност | Време на Реализација | Носител | Ресурси | Очекувани резултати | Одговорно лице |
| Идентификувањ е на причините за намалениот успех на учениците вклучително и учениците соПОП од паралелка | Идентификување на причините за намалување на успехот Анализа на резултатите од успехот | По завршување на секој квартал | Стручни соработници | - Анкета за идентификува њена причините за намалување на успехот | Идентификува ни објективни и субјективни причини за намелен успех кај учениците вклучително и учениците со ПОП од паралелка | Стручни соработници |
| Градење стратегија за подобрување на успехот на учениците вклучително и учениците со ПОП | Избор на Стратегии вонасока на унапредување на успехот на учениците и комуникацијата У-Н-Р вклучително и учениците со ПОП од паралелка | По завршување насекој квартал | Стручни соработници | Презентации, работилници, дебати за примена на соодветни техники, методи во насока на унапредување на успехот на учениците и комуникацијат а У-Н-Р вклучително и учениците со ПОП | Учениците Применуваат методи и техники за успешно совладување на наставното градиво | Стручни соработници |
| Споредба на успехот по предмети со Претходниот период (квартал) | Спорведување на компаративна анализа на успехот по предмети за секој квартал | По завршување насекој квартал | Одделенски и предметни наставници | Прегледи- компаративна анализа | Согледување на фактичката состојбата и ревидирање на истата | Одделенски и предметни наставници Стручни соработници |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Поддршка на наставникот за Подобрување на успехот | Давање поддршказа Примена на методи и техники кои ја зголемуваат мотивацијата на учениците на наставниот кадар за подобрување на нивниот успех | Континуирано | Одделенски и предметни наставници | работилници, дебата, дискусии, стручна литература Презентации за техники, методиза унапредување на успехот и комуникацијата | Зголемена мотивација за учење кај учениците | Одделенски и предметни наставници Стручни соработници |

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

На полето на професионалната ориентација на учениците се работи континуирано во текот на нивнотоосновно образование. Во соработка со локалната заедница, како и во соработка со родителите учениците од најрана возраст на основното образование се запознаваат со професии, струки и занимања, со цел да се поттикнуваат за избор на идната професија.

Училиштето планира и превзема конкретни активности за професионална ориентација на учениците. Целта на сите активности е навремено и правилно професионално информирање и ориентирање на учениците, со кои учениците ќе се запознаат со можностите кои ги нудат средните училишта, со структурите и занимањата, да се информираат за условите и критериумите за упис во средно училиште, откривање на интереси и желби на учениците за продолжување на образованието, давање помош за правилен избор наструка и занимање.
Ќе се остваруваат индивидуални и групни разговори со учениците за нивните професионални интреси за правилен избор на струки и занимања, добивање на информации за изготвување на CV, мотивационо писмои план за развој на кариера за учениците и др. активности поврзани со кариерното советување на учениците.
Ќе се организираат и презентации на занимања од државните и приватните средни училишта одградотпреку кои учениците се запознаваатсо условите и критеирумите за упис во средно образование.
Според Законот за основно образование и Годишната програма за работата училиштето, изготвена епрограма за Професионалната ориентација. Основното образование, како комплексна, перманентна и општествено организирана дејност, му помага на поединецот во избирањето на професијата и занимањето, а потребите налагаат професионалната ориентација да биде присутна од почетокот на школувањето на учениците.

| Активности од професионална ориентација | Целна група | Ресурси | Реализатори /соработници | Време |
|---|---|---|---|---|
| Писмен состав на тема: Сакам да бидам | Ученици од IX одд. | ученици | Наставници по македонски јазик | октомври |
| Изработување на програма за професионална ориентација | Ученици од IX одд. | Стручна литература | Одделенски раководителиво IX одд. | октомври |
| Ликовно творештво на тема: Моето идно занимање | Ученици од IXодд. | ученици | Психолог, Наставници | октомври |
| Избирање на најуспешните трудови и подготвување училишно пано ,,Моето гледање кон иднината” | Ученици од IXодд. | ученици | Психолог, Наставници | ноември |
| Работилница „Мојата идна професија” | Ученици од IXодд. | Стручна литература | Психолог | февруари |
| Информирање за конкурсот за запишување во средните училишта на одделенски час | Ученици од IXодд. | Конкурсот од МОН | Психолог, Наставници | март |
| Спроведување на прашалник за професионални интереси | Ученици од IX одд. | Прашалник за Професионални интереси | Психолог | април |
| Советодавна работа со ученици и родители околу изборот на средно образование | Ученици од IXодд. | Конкурсот од МОН и резултати од спроведен тест или прашалник | Психолог | мај |
| Презентација од средните училишта | Ученици од IX одд. | Конкурсот од МОН | Професори од средни училишта | мај |
| Поставување на Конкурсот за запишување во средните училишта на огласна табла | Ученици од IX одд. | Плакати, флаери | Наставници, Психолог, Директор | мај |
| Поставување плакати за средните училишта и поделба на флаери за информирање на учениците за средните училишта | Ученици од IXодд. | Плакати, флаери | Надворешни соработници, стручни соработници, наставници | мај |

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, одзлоупотреба и запуштање и спречување дискриминација

Остварувањето на воспитно-образовните цели во училиштето во голема мера зависи од социо-емоционалната клима која постои во училиштето. Почитувањето и единството на сите вработени во целокупниот живот и работата на училиштето е на високо ниво. Позитивниот и професионален однос меѓу вработените и учениците е причина за поширока

промоција на училиштето со активностите што се реализираат во него и надвор од него. Ученикот претставува најважниот субјект во училиштето, со свои права но и свои обврски, задачи и должности кои максимално треба да ги почитува и исполнува, развивајќи ги сите позитивни страни на својата личност и идентитет. Со Законот за основно образование („Службен весник на РСМ" бр 161/19, 229/20 и 3/25, член 66) се дадени начела наосновното образование, заштита од дискриминација и промоција на еднаквост како и афирмативните мерки со цел надминување на дискриминацијата и исклучување на деца ивозрасни кои доследно се применуваат во реализацијата на воспитно образовен процес во нашето училиште преку планираните наставните програми и планираните активности, планови и програми во годишната програма за работа на училиштето. Активностите ќе се остваруваат низ различни наставни и воннаставни активности со учениците, вработените, родителите, односно старателите на децата во соработка со општините, согласноутврдените потреби од страна на училишниот одбор, советот на општината или Педагошката служба. Со овој закон во членовите 65 и 66 се утврдува заштита на интегритетот на учениците и спречување на насилство врз учениците. Со родителите се реализира програмата за советување и на родителите на учениците кои учествуваат во разни форми на насилство, со цел истото да биде надминато и елиминирано.

Социо - емоционалната клима во училиштето претставува збир на сите околности (физички, психолошки и социјални) во кои се одвива воспитно- образовниот процес, како и мрежа на односи кои постојат меѓу учесниците во воспитно-образовниот процес (наставници, ученици, училиштен персонал, семејство). Во училиштето се изготвуваат содржини за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот ракводител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручните соработници, во соработка со родителите. Наставниците и стручните соработници содејствуваат кон интеграција на ранливата група на ученици и соработка со нивните родители. Во оваа група спаѓаат ученици кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот). Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Целта е да се обезбеди почитување на личноста, негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите, достапност на информации за сите. Родителите континуирано и навремено ќе бидат информирани за сите активности кои ќе бидат превземени во училиштето во рамките на наставата и воннаставните активности, а исто така ќе добијат и можност и да се вклучат во наставниот процес и воннаставните активности. Ова ќе се остварува преку родителските средби, Советот на родители, Училишниот одбор, приемни денови, но исто така и преку индивидуални разговори со одделенските раководители, наставниците, директорот, педагошко-психолошката служба.

За подобрување на социо-емоционалната клима, потребни се интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа и високообразовните институции за поддршка на наставниците при планирање и реализација на овие содржини. Со цел превенција и намалување на појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување. Во учебната 2025/2026 година се планира спроведување на програма со активности за:

- превенција од насилство,
- болести на зависност,
- асоцијално однесување и
- за превенција од злоупотреба на алкохоли тутун, злоупотреба на дроги и други психотропни супстанци,
- учество во игри на среќа и малолетничка деликвенција.

**Превентивни училишни политики и планови**

**Политика за превенција и заштита од насилство**

Врз основа на член 66 став 2 и 3 од Законот за основното образование ( Службен весник на Република Северна Макеоднија бр. 161/2019, 229/20 и 3/25) и Упатсвото за постапка за пријавување и заштита на ученик – жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување (Упатството за постапка за пријавување и заштита на ученик
– жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување бр.18-6570/1, 6.7.2020) во нашето училиште веќе функционира **Тим за превенција од насилно однесување** кој ќе креира училишна политика за намлување на насилството .

**Задачи на Тимот за превенција и заштита од насилството се:**

-Изработка на училишна политика за намалување на насилството;

-Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството и можности за барање поддршка и помош од Тимот за превенција;

-Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство;

-Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство;

-Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки и активности;

-Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита на учениците;

-Соработка со стручни лица и институции заради посеопфатна заштита на

учениците од насилство;

-Водење и чување соодветна документација;

-Известување на стручните тела и органи во училиштето.

**Потребата и целта на воспоставување училишна политика**

ООУ „Аврам Писевски“ - Скопје се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат. Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

**Цели на политиката:**

- Да се развива ненасилна етика во училиштето
- Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување;
- Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување;
- Да се намали насилното однесување во училиштето.

**Дефинирање на насилството – кои однесувања се опфатени со политиката?**

Насилството е употреба на сила и моќ и предизвикува повреда и штета. Насилното однесување може да се случува во различни релации: возрасен – дете, дете– дете, возрасен – возрасен. Насилство се психички и физички пресметки, психо- физичко казнување, малтретирање, сексуално вознемирување.

**Прекинување, запирање на насилството е обврска на сите кои имаат било какви сознанија или сомнеж дека се случува насилство.**

Вработените имаат обврска да го запрат насилството и/или да ги известат надлежните во училиштето.

-Некои ситуации на психо-физичко насилство бараат итно и истовремено реагирање, згрижување на учесниците, известување на родителите и неодложно вклучување на релевантни институции
(здравствени, полиција, центри за социјална работа);

-Емоционалното или социјалното насилство исто така треба да се запре што побрзо. На ученикот кој трпи вакво насилство треба да му се пружи разбирање, доверба и сигурност;

-Доколку постои сомневање за било каков облик на семејно насилство, наставникот го известува Тимот кој понатаму превзема чекори во консултација со Центарот за социјална работа;

Смирување на ситуацијата (подразбира обезбедување на сигурност за ученикот, разговор со учесниците и набљудувачите).

Доколку се случува физичко или силно вербално насилство во првиот момент најважно е:

- учесниците во насилството после раздвојувањето треба да се смират;
- да се обезбеди соодветен простор и време за разговор;
- да се побара помош од колега, стручната служба или Тимот доколку е потребно;
- да им се објасни на учесниците дека целта е да се разреши конфликтот и дека двете страни ќе имаат прилика да кажат што се случило;

-да се договори со учесниците да се сослушуваат без да се прекинуваат, да не се навредуваат себе си, да бидат искрени;

-важно е да се делува синхронизирано, разговорот со учесниците за истата ситуација да не се одвива повеќепати од различни лица, туку во рамките на внатрешната заштитна мрежа да се обезбеди проток на информации важни за ефикасно реагирање.

**Известување на родителите и превземање на итни акции** (по потреба прва помош,лекарска помош,полиција,центар засоцијална работа…) веднаш штом ќе се запре насилството.

**Консултации** во училиштето за проценка на ризикот и изработа на план за заштита на сите учесници.Во консултациите севклучуваат одделенскиот раководител, дежурниот наставник, стручната служба, тимот за заштита, директорот, заедницата на ученици. Во оваа фаза Тимот го проценува степенот на ризик и одлучува на кој начин ќе горешава случајот, дали самостојно или со вклучување на релевантна институција. Важно е да се води сметка за доверливоста на податоците, заштитата на приватноста и ставање на интересот на детето над интересот на родителите и училиштето. Податоците до кои ќе се дојде се доверливи и може да се дадат на располагање само на службени лица ангажирани за постапките за заштита на ученикот од насилство.

Активностите треба истовремено да бидат насочени и кон ученикот кој покажува насилно однесување и кон учениците кои се пасивни набљудувачи.

**Мерки и активности** се превземаат за сите нивоа на насилство и занемарување.План за заштита се прави за конкретнатаситуација од второто и третото нивоза сите учесници во насилството. Планот за заштита содржи активности насочени кон промена на однесувањето – зголемена воспитна работа, работа со родителите, работа со одделенската заедница, вклучување на заедницата на ученици и советот на родители, а попотреба и Училишниот одбор; носителите на активностите, временската динамика, начините за вклучување на сите учесници во насилството во заедницата.

Доколку е неопходна комуникација со медиумите, одговорен е директорот.

**Ефектите од преземените мерки и активности** ги следат одделенскиот раководител,Тимот за заштита,стручната службазаради проверка на успешноста од преземените заштитни мерки и вреднување на постапките и процедурите кои се применети во однос на сите учесници во насилството и понатамошното планирање на заштитата.

**Документација, анализа, известување**

Секој акт на насилство мора да се евидентира согласно договорениот начин на

евидентирање во Училиштето. Евиденцијата за случаите на насилство ја води одделенскиот раководител (раководителот на паралелката), а Тимот доколку се вклучи во интервенцијата.

Во **обрасците** се запишува: што се случило, кои се учесниците, како е пријавено насилството, какви се последиците, што се презело, на кој начин се вклучени родителите, одделенскиот раководител, стручната служба, други стручни лица, како и начинот на кој ќе се следи ситуацијата. Сите службени белешки во врска со насилството ги води, чува и анализираат стручната служба. Тимот за заштита поднесува извештај два пати годишно, а Директорот ги известува Советот на родители и Училишниот одбор. Извештајот за реализацијата на програмата за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување е составен дел од полугодишниот и годишниот извештај за работата на Училиштето. **Последици од насилното однесување се:**

•Физички – модринки, грбнатини, посекотини, оштетени алишта и сл

•Емоционални – повлеченост, незадоволство, одбивање да оди во училиште, одбивање да зборува за проблеми, немир, агресивност

•Здравствени- губење на апетитот, болки во стомакот, главоболки, ноќно мокрење

•Образовни: проблеми со концентрација, отсуствување од школо.

**Политиката за намалување на насилството** во ООУ„Аврам Писевски“–Карпош, Скопје,се однесува на превентивни-интервентни активности.

**Училишна политика за превенција и заштита од насилно однесување**

| **Превентивни активности** | **Време на реализација** | **Извршители** |
|---|---|---|
| Формирање на училишниот Тим за превенција од насилство | Август 2025 | Директор<br>Наставнички совет |
| **На Наставнички совет**<br>– Запознавање со политиката за намалување на насилството и со задолженијата на наставниците | Август 2025 | Тимот за превенција од насилство |
| **Совет на родители**<br>– Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област. | Септември - Октомври 2025 | Тимот за превенција од насилство |
| **Родителски состаноци** | Септември - Октомври | Одделенските раководители |

| | | |
|---|---|---|
| -Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето во оваа област, запознавање со правилата на однесување во училиштето | 2025 | Претставникот од Советот на родители |
| **Стручно усовршување нанаставниците**<br>- Што е насилство?<br>- Како да се постапува во случај на насилство меѓу учениците | Во текот на годината | Тимот за заштита учениците однасилство |
| **Родителски состаноци** -<br>Што е насилство | Тековно | Тимот за заштита учениците од насилство |
| **Часови на одделенската заедница**<br>- Изработка на правила на однесување во паралелката | Септември 2025 | Одделенски раководители |
| **Часови на одделенската заедница**<br>- Реализација на содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со правата на детето | Тековно | Одделенски раководители |
| **Интервентни мерки на Тим за превенција на насилството**<br>-Превземање на мерки и активности за моментално запирање на насилството<br>Стручни предавања од страна на релевантни институции | Тековно – по потреба<br><br>Тековно | Одделенските раководители<br>Тимот за заштита учениците од насилство Релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа)<br>Тимот за заштита учениците од насилство, релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа) |

## План за работа со ученици со емоционални проблеми

**Емоциите се поврзани со целокупниот психички живот на човекот, тие се редовна придружна психичка појава на секоја човечка активност.** Кога човек перцепира некој објект, или некоја појава, кога учи, кога работи се одмара или размислува, кај него редовно се јавуваат некои емоции. Тие некогаш се позитивни (стенични), емоции и тогаш ја зголемуваат животната активностна организмот, адруг пат тие се негативни (астенични) емоции, и тогаш ги потиштуваат животните процеси во организмот и ги смалуваат резултатите од напорот. **Емоциите не се само психичка придружна појава во активностите и во однесувањето на човекот, туку тие самите се двигател на многу човечки активности**. Емоциите и емоционалните односи играат значајна улога во секојдневниот живот, во семејството, во училиштето, во работата, во одржувањето на здравјето и др.

**Училишната возраст е многу значаен период како правилно или неправилно ќе се развијат, ќе се усовршат и ќе се изразуваат емоциите кај децата. Во тој процес битна е улогата на наставникот и психологот и нивната комуникација со учениците**. Најпрво од самиот наставник зависи како ќе влијаеи како ќе се развива емоционалниот живот на учениците, зошто тие го голтаат секој ваш поглед, секој ваш збор, секое ваше чесно или нечесно однесување, испитување, оценување. **Наградувањето и казнувањето треба да биде јавно и прецизно образложено и да биде во согласност со индивидуалните емоционални и други особини на ученикот.**Наставникот најмногу треба да обрне внимание и да работи на проблемот на контрола и на изразување на емоциите.

**План за работа со ученици со емоционални проблеми**

| **Активност** | **Време за реализација** | **Ресурси** | **Соработници/ вклученост** |
|---|---|---|---|
| 1.Изготвување прашалник за идентификација на учениците со емоционални потешкотии | Октомври 2025 | -Прашалник и друга помошна литература | Психолог, педагог, дефектолог |
| 2.Евидентирање на учениците кои манифестираат емоционални потешкотии | Континуриано | -Список на ученици со возраст | Наставници, психолог, педагог, дефектолог |
| 3.Примена на психолошки инструменти | По потреба | -Его опис (кој сум јас и кој сака да бидам) користење на проективни техники | Психолог, педагог |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 4.Советодавни разговори со ученици кои манифестираат емоционални проблеми | Според потребите во текот на целата учебна година | Евидентни листови за разговор со ученици и дневник за разговор со ученици | Психолог, педагог,дефектолог |
| 5.Средби и советодавни разговори со родители научeници кои манифестираат емоционални проблеми | Според потребите во текот на целата учебна година | Евидентни листови за разговор со родители и дневник за раговор со родители - Едукатвни предавања на совет на родители | Психолог, педагог |
| 6.Препореки за родителите на ученици кои имаат емоционални проблеми | По потреба | -Брошури, совети | Психолог, педагог,дефектолог |
| 7.Препораки за наставниците за работа со овие ученици | Во текот на целата учебна година | -Документи | Психолог, педагог,дефектолог |

**Поддршка на ученици кои подолго отсуствуваат од настава**

Причините поради кои учениците отсуствуваат од настава може да бидат најразлични, но кога тоа отсутво е подолготрајно училиштето превзема соодветни активности како на ученикот да му помогне да го надополни пропуштениот наставен материјал и полесно да надмине пробелмите и потешкотиите и да се прилагоди во паралелката и училишната средина.За секое отсуство од училиште родителот е должен да го информира одделенскиот раководител за причините на отсуството на ученикот и да донесе соодветен документ(лекарска белешка).

Доколку ученикот има поголем број од 10 неоправдани изостаноци родителот и ученикот се упатуваат на советување кај училишниот психолог согласно процедурата за Советување на родители и ученици од МОН.

Во согласност со Законот за основно образование („Сл.весник наРСМ бр. 161/2019, 229/20 и 3/25), член 70 , 72, 76 и 77“) регулирани се постапките кои треба да се превземат за учениците кои се подлого отсутни од училиште (оправдано или неоправдано отсутво).

## План за учениците кои подолго отсуствуваат од настава

| Конкретна цел | Активности | Вклучени субјекти | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Информирање за причините за отсуство | Разговор со Родителите, разговор со учениците консултации, извештаи и мислења од здравствени и др. установи | Стручни Соработници, Родители, Ученици, стручни лица од др.институции, директор | Анкета, мислење од надлежни институции | Континуирано вотекот на целата учебна година | Прибрани податоци извршена проценка на состојбата на ученикот |
| Изработка на индивидуален план за ученикот | Прилагодување на содржините консултации со одделенските и преметните наставници, водење на досие на ученикот следење на присуството на ученикот на настава | Стручни Соработници, Родители, Наставници, одд.раковдители, стручни лица од др.институции, директор | Панирање-план, стручна литература | Континуирано вотекот на целата учебна година | Изготвен индивидуален план за поддршка на ученикот |
| Давање насоки и упатства на наставниците со учениците кои подолго отсуствуваат од настава | Одредување на методи за работа, следење на настава, давање насоки и упатства, | Стручни соработници, ученици, родители, наставници, одд.раковдители, стручни лица | План за поддршка на ученикот, Записници од следење | Континуирано до надминување на проблемот во текот на учебната година | Применети дадени насоки и упатства, реализирани активности од планот |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | континуирана соработка со сите наставници, проверување на ученикот со соодветни методи, информирање на родителите | од др. институции, директор | на часовите, Евиденција за присутност на часовите | | за поддршка на ученикот, намалено отсуство на ученикот од наставниот процес, надминати причините за отсутво информирани се родителите |

**План за вклучување на претходно осипани ученици или ученици повратници од странство**

Училиштето им овозможува систематаско прифаќање и непречено вклучување во воспитно образовниот процес и на учениците кои претходно од најразлични причини се испишале од училиштето или се повратници од странство .

За да се овозможи нивно непречено вклучување во воспитно образовниот процес во училиштето директорот, стручните соработници и одделенските раководители превземаат активности со родителот, ученикот, а по потреба се консултираат и со надворешни надлежни институции.

Целтана ови активности не е само вклучување на ученикот во воспитно образовниот проецес туку негово емоционалоно социјално прифаќење од страна на соучениците во паралелката во училиштето.

| Конкретна цел | Активности | Вклучени субјекти | Инструмени | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Информирање за причните за повотрно запишување на ученикот | Разговор со родителите разговор, со учениците консултации, извештаи и нострификации од МОН, преведница, друга документација и информаци од претходното школување на ученикот | Стручни соработници,родители, ученици, стручни лицаод др.институции, директор | Записник | Период на повторен упис | Анализа на прибрани податоци, Проценка на капацитетите на ученикот за успешно прилагодување во паралелкатата |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Избор на паралелка во која ќе се вклучи ученикот | Разговор со одделенскиот раководител, подготвување на учениците во паралелката з новиот учени<br>Вклучување на ученикот во паралелката | Стручни соработниц и,родители, наставници, одд. раковдител истручни лицаод др. институци и директор | Интервју со ученик | Период на повторен упис | Вклучување на ученикт во воспитно образовниот проце во паралелката |
| Давање насоки и информации на наставниците за успешно вклучување на ученикот во наставата | Континуирана соработка со сите наставници и примена на соодветни методи за прилагодување на ученикот на наставниот процес<br>Информирање на родителите за текот на поцесот на адаптација | Стручни соработниц и,ученици, родители, наставници, одд. раковдител и,стручни лицаод др. институци и директор | -Континуирано следење на адаптирање во паралелка - информации од одд. рк. и наставници, информации од ученикот, информации од соуч.- социометриска постапка, разговори на ученикот со училишниот психолог | Континуи рано до надминув ање на проблемо т во текот на учебната година | Успешно адаптиран ученик во наставниот процеси во согласно со неговиот најдобар интерес а со цел максимално расвивање на неговите способности и капацитети<br>Континуирана соработка со родителите се родителите |

Под ученици повратници се подразбираат деца на родители кои заминале во странство и од било кои причини се вратиле во државата и мора да бидат вклучени во образованието. Под ученици повратници се подразбираат деца на родители кои заминале во странство и од било кои причинисе вратиле во државата и мора да бидат вклучени во образованието.

## **16.** Оценување

Следењето и проверувањето на напредокот и постигнувањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигнувањата на учениците во основното училиште сепроверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5). Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумитеза бројчано оценување што ги изготвува

Бирото.

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчани оценки.

Во првиот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни оценки.

Во вториот период, постигањето на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со описни и бројчани оценки.

Во третиот период, постигањата на ученикот во текот на наставната година по задолжителните и изборните предмети се запишуваат со бројчани оценки.

Ученикот од првиот период на крајот на прво полугодие добива известување за успехот со описни оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со описни оценки. Ученикот од вториот или третиот период на крајот на првото полугодие добива известување за успехот со бројчани оценки, а на крајот на учебната година добива свидетелство со бројчани оценки и оценка за општ успех.

Согласно со Концепцијата за основно образование, во основното училиште се оценуваат и постигањата на учениците од слободните изборни предмети,кои имаат за цел да обезбедат развој на ученикот и да го мотивираат за самостојно учење и за насочување во натамошното образование. Секој слободен изборен предмет се оценува одделно. За постигањата од слободниот изборен предмет што се реализира само во првото полугодие, ученикот на крајот од првото полугодие добива известување за успехот со бројчана оценка, а истата оценка се запишува и на крајот од годината во свидетелството.

Ученикот на крајот на учебната година добива додаток на свидетелство во кое описно се наведуваат постигањата на ученикот и стекнатите компетенции во изборните предмети, општествено-корисната работа, учеството во натпревари, ученичките акции и други воннаставни активности.

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигнувањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија.

За учениците со ПОП кои следат настава по ИОП, оценувањето се врши согласно ангажираноста на ученикот и степенот на реализираните прилагодени задачи и активности во процесот на настава и учење. Во првиот воспитно-образовен период (I-III одделение), постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот воспитно-образовен период (IV- VI и VII-IX одделение) постигнувањата на учениците кои следат настава

според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според Модифицирана се оценуваат само описно (I-IX).
Секој наставник пред почетокот на учебната година изработува план за писмено оценување на учениците имајќи ги предвид законските ограничувања. Во рамките на годишното, тематското идневното планирање секој наставник го планира формативното и сумативното оценување.
Оценувањето на постигнувањата на учениците ќе се следи и преку посетите на часови и увид во дневните подготовки од страна на стручните соработници и директорот. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката ќе биде должен да го извести родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Тимот за следење анализа и поддршка ќе го сочинуваат: стручни соработници, двајца предметнинаставници и двајца одделенски наставници. Тимот ќе работи според програмакоја ќе ја изготви во месец септември, а која ќе содржи активности насочени кон поддршкана учениците во Постигнување на подобри резултати. Во текот на учебната година, тимот ќе прави анализа насостојбите со оценувањето преку користење на инструменти за прибирање податоци, а ќеизготвува и извештаи за постигнувањата кои ќе бидат јавно презентирани пред наставниците.
Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на Директорот,како и од страна на Бирото.
Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и Постигнувањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

## 16.3. Стручни посети за следење и вредување на квалитетот на работата на воспитнообразовниот кадар

Во согласност со модерните трендови во наставата, а со цел подобрување на квалитетот наистата, неминовна е потребата од следење на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар.Неговата работа ја следи првенствено самото училиште, односно директорот и стручнитесоработници, како и другите наставници преку посета на отворени часови, презентација на снимени часови и други видови на чини преку кои може да се видиистата. Насоките за следење на квалитетот на работата го врши директорот и стручните соработници кои имаат за цел да придонесат поквалитетна настава во самото училиште.
Врз основа на својата Годишната програма има изготвено програма за следење на воспитно–образовната работа на наставниот кадар во која се предвидува четири пати вогодината (два пати во полугодие) да вршат непосреден увид кај секој наставник во наставата. Увидите имаат за цел да му помогнат на наставникот во подигање на квалитетотна работата:

- Следењето на квалитетот на работата на наставникот се планира да се одвива во рамките на триподрачја:
- Следење на квалитетот на планирањето на наставата;
- Следење на квалитетот на реализацијата на наставата;
- Следење на реализацијата на воннаставните активности.

План во ПРИЛОЗИ.

### 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација на училиштето се изработи на крајот од наставната 2023/2024 година и ги опфати учебните 2022/2023 и 2023/2024 година. По спроведената самоевалуација, училишната комисија даде извештај во кој се детектирани клучните јаки страни во работењето на училиштето ислабите страни. За надминување на слабите страни, комисијата даде насоки за подобрување и унапредување на квалитетот во работењето на училиштето и унапредување на воспитно-образовната работа.

## 17. Безбедност во училиштето

Како и секоја учебна година, училиштето се грижи за безбедноста на сите ученици, вработени, родители и посетители како и за училишниот објект.

Училиштето изготвува програма за заштита, безбедност и спасување во која се формираат повеќе тимови за:

*Заштита и спасување од пожари

*Заштита и спасување од земјотреси и урнатини

*Заштита од енормно снежни врнежи, олуја и ниски температури

*Прва медицинска помош

Секој тим има свои задачи кои треба да ги реализира во случај на елементарна или временска непогода. Тимовите се во постојана координација.

Со програмата ќе бидат запознаени сите вработени во училиштето, родители и ученици.

Во училиштето се води континуирана грижа за обезбедување и отстранување на места кои може да придонесат заповреди, направен е план за евакуација.

Оваа година планирани се две пробни евакуации со цел да се избегне паничното реагирање во некои критични ситуации.

Определени се дежурства на наставниците за време на наставата како и во училишниот двор.

| **Превентивни активности** | **Време на реализација** | **Извршители** |
|---|---|---|
| Формирање на Тимови за:<br>*Заштита и спасување од пожари<br>*Заштита и спасување од земјотреси и урнатини<br>*Заштита од енормно снежни врнежи, олуја и ниски температури<br>*Прва медицинска помош | Август 2025 | Директор<br>Наставнички совет |
| **На Наставнички совет**<br>– Запознавање со планот и програмата за заштита безбедност и спасување и со задолженијата на наставниците | Август 2025 | Тимот за заштита, безбедност и спасување |
| **Совет на родители**<br>– Запознавање со планот и програмата за заштита безбедност и спасување, информирање за активностите на училиштето во оваа област. | Септември - Октомври 2025 | Тимот за заштита, безбедност и спасување |
| **Родителски состаноци**<br>Запознавање со планот и програмата за заштита безбедност и спасување, информирање за активностите на училиштето во оваа област. | Септември - Октомври 2025 | Одделенските раководители<br>Претставникот од Советот на родители |
| **Стручно усовршување на наставниците**<br>- Обука на наставници за:<br>Противпожарна заштита<br>Прва помош и заштита | Во текот на годината | Стручни лица од областа |

# **18.** Грижа за здравјето

## 18.1. Хигиена во училиштето

Хигиената во училиштето ја одржуваат хигеничарките.Тоалетите се чистат после секој одмор и кога ќе завршат учениците со настава.Учлниците се чистат по завршување на настава какои канцелариите на директор,стручна слушба ,секретар и наставничка канцеларија.Генералка на училиштето се прави три пати во текот на учебната годна.Средствата со кои се чисти се по стандардите и нормативите за одржување хигиена.

### 18.2. Систематски прегледи

Здравствената заштита и здравственото образование опфаќа систематски прегледи за учениците од прво, трето, петто и седмо одделение и стоматолошки прегледи за второ, четврто и шесто одделение кои се реализираат во соработка со Здравствениот Дом Ѓорче Петров, а во придружба на одделенскиот раководител од паралелката.

### 18.3. Вакцинирање

Освен систематските прегледи, здравствената заштита и здравственото образование опфаќа и имунизација и вакцинација на учениците од прво, второ и осмо одделение. Истите ќе бидат реализирани без да се попречува наставата во придружба на одговорните одделенски раководители. Целосната евиденција за оваа активност ја води психологот на училиштето.

### 18.4. Едукација за здрава исхрана – оброк во училиштата

Топол оброк нема во училиштето. Има ужинка која се дели пред големиот одмор на учениците што се хранат преку училиштето во соработка со општината и Ванила Фуд.
Во рамките на грижата за здравјето на учениците во училиштето ќе се организираат едукативни предавања кои ќе се реализираат на часовите на одделенската заедница како и посебни предавања со поканети стручни лица, на кои учениците ќе се запознаат со правилниот начин на исхрана. Исто така училиштето ќе организира активности со кои ќе го одбележи Светскиот ден на храната на 16 Октомври со цел едукација на учениците и родителите, подигање на свеста и промоција.

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица.
Одговорните наставници на активи по одделенија изготвуваат месечни планирања на дежурствата со кои е покриен училишниот простор (ходници по катови, училиштен двор, дежурни наставници кои ги згрижуваат учениците од одделенска настава од завршување на наставата, до 16 часот). Планирањата се истакнуваат на видно место во училиштето. Континуирано се работи со учениците за конструктивно решавање на сите училишни прашања (одделенските раководители, ученички парламент, стручни соработници, директор). Се планираат и применуваат форми и методи на активна настава со кои се унапредува работната атмосфера во училницата/мотивирачка и кооперативна.

### 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Во многу сегменти од воспитно-образовниот процес се води грижа за естетско и функционално уредување на училиштето. За естетското и функционално уредување на просторот во училиштето одговорни се сите субјекти, а особено учениците со цел да се подигне свеста за зачувување и разубавување на околината водејќи сметка и за мулти-културализмот во училиштето.

### 19.3. Етички кодекси

Во училиштето се применува усвоениот Правилник за однесувањето на вработените, учениците, родителите и надворешни лица. Се гради атмосфера на заемно почитување и соработка на ситесубјекти во воспитно-образовниот процес. Согласно Законот за основно образование и интернитеПравилници за однесувањето во училиштето, поставени се основните принципи и правила за успешно одвивање на воспитно-образовната работа, подобрување на работната дисциплина и безбедноста. Посебно се нагласува потребата од соработка, постапност и конструктивност во пристапот на решавање на различните прашања и проблеми од училишниот живот. Правилникот е даден во ПРИЛОЗИ

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во рамките на своите активности, стручните соработници ќе организираат индивидуални средби и разговори со вработените, родители, ученици за подобрување и одржување на добри меѓучовечки односи и меѓусебна комуникација, доверба и соработка. Во контекст на ова ќе бидат организирани и разни начини на дружење и соработка. Нивото на соработка со родителите ќе го одржуваат сите наставници, а посебно одделенскитесоработници, со помош и поддршка на стручната служба и директорот. Односот помеѓу учениците и наставниците, како и со останатите вработени ќе го одржуваат наставниците исто така со помош и поддршка на стручната служба и директорот.

## **20.** Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Потребите на наставниците за професионален развој ќе се утврдуваат на првите состаноци на стручните активи во месец август. Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои се наменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата

активност ќе бидат изготвени и извештаи. Во функција на професионалниот развој на наставниците ќе се организираат и отворени часови, работилници и размена на искустваво рамките на активите.

## 20.2. Активности за професионален развој

Во текот на учебната година сите понудени обуки ќе бидат доставени до наставниците за кои сенаменети или стручните соработници, истите ќе бидат разгледани и зависно од можностите ќе бидат посетени. После учеството на обуки, учесниците ќе одржат дисиминација во училиштето по претходно изготвена програма и акционен план, а за истата активност ќе бидат изготвени и извештаи.

## 20.3. Личен и професионален развој

На наставниците, стручните соработници и останати вработени, ќе им биде овозможено професионално да се усовршуваат според своите интереси и определба, а своите знаења секако ќе ги применат во работата на училиштето. Личниот професионален развој наставниците можат да го стекнат во училиштето преку работата на стручните активи, работилници и отворени часови, но и надвор од училиштето, организирано и во сопствена режија. Наставниците ќе изработуваат и личен план за професионален развој по претходно направена самопроценка и со поддршка на стручните соработници.

## 20.4. Хоризонтално учење

Сите наставници или училишни координатори на проекти по посета на било која обука, ќе одржат дисиминација во училиштето. Сознанијата ќе се споделуваат и на стручните активи и отворените часови. За таа цел ќе бидат изработени акциски планови од страна на сите оние кои ќе ги презентираат содржините пред останатите наставници.

с

## 20.5. Кариерен развој на воспитно образовниот кадар

Во нашето училиште, тимската работа е силна страна на училиштето. Истата ќе продолжи и понатаму да се гради и надоградува преку повеќе форми на активности: соработка во рамките наактивите, поттикнување на почитување и флексибилност преку индивидуални и групни средби со вработените, учениците и родителите, како и редовно потсетување на кодексот на однесување и постоечките правилници во училиштето.

# **21.** Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во училиштето континуирано ќе функционира Совет на родители кој ќе биде составен од еден член (родител) од секоја паралелка, по еден наставник од актив и стручна служба и ќе има изготвена програма за работа од страна на претседателот на Советот на родители. Оваа програма е предвидена со цел родителите организирано да делуваат во доменот на потребите на училиштето, подобрување на условите за работа, донесување на одлуки и решенија во интерес на подобрување на наставата во училиштето, организирање и усвојување на распоред за средби со родители, организирање на екскурзии и др. Овој Совет ќе заседава според потребите со изготвен дневен ред.
Програмата за работа на Совет на родители е дадена во ПРИЛОЗИ

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставнитеактивности

Родителите ќе бидат вклучени во процесот на учење со тоа што ќе бидат информирани за наставниот план и програма со посочување линкови до истите, а за наставниот процес ќе ги информираме преку Советот на родители, групни и индивидуални средби со наставници, преку стручните соработници на училиштето и преку Е- дневникот. Учеството на родителите во процесот научење ќе биде насочено кон давање помош при изработка на нагледни средства и дидактички материјали за покреативно изведување на наставата. Ќе се организираат работилници со родителите на учениците. Ќе помагаат при професионалната ориентација на учениците, на нови наставни содржини секој од областа на својата професија.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата помеѓу семејството и училиштето е двонасочна. Многу често родителите/старателите соработуваат со училиштето како едукатори со свои предавања од областа за кои се компетентни, па така се организираат предавања од областа на спортот, сообраќајот,етиката, културните обичаи и слично. Но, од друга страна и училиштето се јавува како едукатор за теми кои се актуелни и од интерес за нивните деца (професионална ориентација, семејно насилство, трговија со луѓе, етички кодекси, инклузија на ученици со ПОП, родителски вештини и слично). Подобрување и развивање на менталното здравје на родителите и стекнување на родителски вештини за целоживотно здравје, ќе се врши преку организирање на програми, стручни презентации и соработка со родителите во организацијата на активностите и приоритетите на училиштето.

Психологот и понатаму ќе врши советувања за родителите според Програма за советување,

советодавна работа со родителите (индивидуална и групна) ќе се одвива и од страна на стручните соработници, одделенските раководители, а по потреба и директорот на училиштето. Процесот на едукација на родителите/ старателите во учебната 2025/26 година ќе се реализира преку одржување на работилници и предавања за родители од страна на стручните соработници.

Планирани се следниве едукативни работилници:

| Активност | Цели | Време на реализација | Реализатори | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Предавање за„Превенција од насилно однесување во училиштето„ | Превенција од насилно однесување во училиштето | октомври | Психолог Тим за ненасилно однесување | -Лцд проектор - Power point презентација |
| Предавање за „Ментално здравје кај учениците“ | Стекнување сознанија за важноста на менталното здравје кај учениците | ноември | Психолог, педагог Дефектолог | Лцд проектор Power point презентација |

## 22. Комуникација со јавноста и промоција наосновното училиште

Локална заедница ( локална самоуправа, бизнис заедница, месно население..) Соработката со локалната заедница ќе се остварува преку повеќе форми на работа, електронски, усно и ќе пристапиме кон реализирање на активностите кои ќе ги понуди истата. Во прилог на оваа програма има и програма за соработка со локалната средина и заедница.
Програмата е дадена во ПРИЛОЗИ.

## **23.** Следење на имплементацијата на годишнатапрограма за работа на основното училиште

| **Приоритетни подрачја за следење** | **Начин и време на следење** | **Одговорно/ни лице/ца** | **Кој треба да биде информиран за следењето** |
|---|---|---|---|
| Следење на реализација на наставата | Според динамиката дадена во Програмите, увиди, посети на час, набљудувања, записници, извештаи | Директор, психолог, | Претседатели на активи, Наставнички совет,Училишен одбор, Совет на родители и по барање на соодветни институции |
| Посета на часови во одделенска и Предметна настава | 4 пати годишно – по 2 во полугодие посети на час, набљудувања, | директор, психолог, дефектолог | Претседатели на активи, Наставнички совет |
| Следење наработата настручните активи | Кварталнои по потреба Анализи, дискусии, Извештаи | директор, психолог | Наставнички совет |
| Следење на реализацијата на дополнителнат а и додатната настава | Еднаш месечново текот на уч. година | директор, психолог | Претседатели на активи, Наставнички совет,Училишен одбор, Совет на родители и по барање на соодветни институции |
| Следење На акциските планови | Според утврдената динамика за реализација, извештаи | Директор, Психолог, претс. на тимовите | Претседателина активи, Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители и по барање на соодветни институции |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Анализа на успехотна учениците по квалификациски Периоди | На крај на првото и второто полугодие, Анализи,статистички податоци, извештаи | Директор, Психолог, наставници, дефектолог | Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители и по барање на соодветни институции |
| Следење на реализацијата на проектите | Според утврденатадинамиказа реализација, извештаи | Директор, Психолог, претс. на тимовите | Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители и по барање на соодветни институции, претседатели на активи |
| Следење на реализацијата на воннаставните активности | Според утврдената динамика за реализација,посе ти, набљудувањеи директно учествосо учениците, извештаи | Директор, психолог, одговорни наставници | Наставнички совет, по барање на Соодветни институции МОН, ДПИ, локална самоуправа |
| Увиди во педагошката документација | 4 пати годишно – по 2 во полугодие | Директор, психолог, комисија за педагошка документација | Наставнички совет, по барање на Соодветни институции МОН, ДПИ |
| Следење на реализацијата на професионалниот развој нанаставниците истручниот соработник | 2 пати годишно, увид во Личните планови на наставниците и Стручниот соработник, Сертификати, професионални досиеја | директор, Тим за професион аленразвој | Наставнички совет, по барање на соодветни институции, МОН, ДПИ, локална самоуправа |

## **24.** Евалуација на годишната програма за работана основното училиште

Во процесот на евалуација на годишната програма за работа на училиштето земаат учество сите вклучени носители и учесници со нивните искуства и согледувања и заклучоци. Квалитетот на работата на училиштето во учебната 2025/2026 година ќе се мери квартално, со анализи на реализираната настава, дополнителна и додатна настава,

постигањата на учениците, реализацијата на акциските планови и проекти и вонннаставните активности преку собирање докази односно податоци поврзани со критериумите за успех, состаноци, интервјуа, прашалници, увид во работата на учениците, записници, изработка на месечни, полугодишни и годишни извештаи.

## 25. Заклучок

Во учебната 2025/26, во училиштето ќе се работи на понатамошно подобрување на квалитетот на наставата, повисоки постигања на учениците, поттикнување на ученички активизам и стекнување поголеми вредносни норми за мултикултурализмот, општествената одговорност, меѓусебна соработка, намалување на предрасудите и стереотипите и нивна промоција во пошироката општествена средина, развивање на механизми за поголема соработка со родителите.

Училиштето ќе биде подготвено за започнување и продолжување на образовниот процес согласно Календарот за организација и работа на основните училишта во учебната 2025/2026 година и законската регулатива.

Примената на разни едукативни платформи и апликации кои ќе се користат со цел посеопфатно вклучување и на наставниците и на учениците се предизвик во новата годишна програма.

# 26.Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

**Тим кој учествувал во изработката на Годишната програма:**

1. Александра Смилковска- директор
2. Мери Синадиновска - психолог
3. Емилија Богдановска - педагог
4. Зоран Пржовски – наставник по историја

Користена литература

1. Закон за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.161/19, 229/20 и 3/25);
2. Дел од Формата и содржината на Годишната Програма за работа на основното училиште согласно новиот Правилник.
3. Законот за работни односи;
4. Национална програма за развој на образованието;
5. Концепција за деветгодишно основно образование;
6. Концепција за основно образование, МОН, март 2021
7. Стратегија за развој на образованието на Општина Карпош;
8. Измени во законската регулатива во системот за заштита на децата
9. Подзаконски и интерни акти и правилници;
10. Наставни планови и програми;
11. Адаптирани наставни програми по Cambrige International Examination Center;
12. Програма за развој на училиштето;
13. Програма за работа на училиштето од претходната година;
14. Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;
15. Податоци од Самоевалуацијата на училиштето;
16. Приоритетни подрачја во работата на училиштето;
17. Концепција за вон наставни активности, БРО, 5.3.2020 година
18. Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта;
19. Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
20. Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми;
21. Извештај од интегралната евалуација;
22. Извештај од самоевалуација;
23. Извештаи за финасиското работење на училиштето.

(Потпис на директор)

М.П

(Потпис на претседател на училишен одбор)

# ПРИЛОЗИ

ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ

- Годишна програма за работа на: директор, помошник директор, сите стручни соработници одделно, училиштен одбор, совет на родители, наставнички совет, стручни активи, одделенски совети, училиштен инклузивен тим, ангажираните образовни медијатори, тутори, хор и оркестар, заедница на паралелката, ученички парламент, ученички правобранител.
- Распоред на часови
- Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- Програми за вонинаставни активности
- Програма за додатна настава
- Програма за дополнителна настава
- Програми за вонучилишни активности
- Програма за реализација на ученички натпревари
- Програма за унапредување на мултикултурализмот/интеркуртуларизмот и меѓуетничката интеграција
- Проекти што се реализираат во основното училиште
- План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите
- План за професионална ориентација на учениците
- План за промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупореба и запуштање, спречување дискриминација
- План за следење и анализа на состојбите со оценувањето
- План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно- образовниот кадар
- Програма за самоевалуацијана училиштето
- Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди
- Распоред на дежурни наставници
- План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето
- Правилник за однесување на ученици, наставници и родители (во училиштето и училишниот двор)
- Програма за професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
- Програма за соработка на основнотоучилиште со родителите/старателите
- Програма за соработка со локална средина и локална заедница
- Програма за грижа за здравјето на учениците
- Програма за јавна и културна дејност на училиштето
- Програма за следење и евалуација нагодишната програма за работа на основното училиште
- Програма за превенција од насилство во училиштата - „Училиштето како безбедно место - училиште без насилство“

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОРОТ ЗА УЧЕБНАТА 2025/26

Раководење на воспитно-образовната организација, т.е. раководењето со училиште е сложена и одговорна работа. Улогата на директорот е од големо значење, бидејќи тој е главен двигател во работата и активностите на училиштето.

### ФУНКЦИИ НА ДИРЕКТОРОТ

За да ја врши успешно својата одговорна работа, директорот на училиштето треба да извршува повеќе функции:

- Планско-програмерскаработа;
- Организациски работи;
- Стручно-аналитичкаработа;
- Педагошко-инструктивна работа;
- Следење и вреднување на работата;
- Советодавна работа со родителите на учениците;
- Работа со стручните органи воучилиштето;
- Нормативна дејност;
- Евалваторска и истражувачка функција;

***Планирањето*** е менаџерска функција со која , врз база на анализа на резултатите остварени во некој изминат период ( степенот на мисијата) се предвидува иднината ( се креира визијата) и се донесуваат одлуки кои треба да се остваруваат.
Директорот со својата позиција и улога, која ја има како водач на работата во училиштето и главен носител во изработките на годишните програми, годишни и полугодишни извештаи, развојните училишни планови
. Изработката на Годишната програма за работа на училиштето за 2025/2026 година есуштинска функцијана директорот во доменот на планирањата. Планирањето на програмата произлегува и е во согласност со визијата и мисијата на училиштето.
***Организаторската функција*** на директорот се состои во тоа што тој ги определува начините ,методите и постапкита со кои треба да се реализираат зацртаните програми и планови за работа на училиштетоп. Во рамките на оваа функција, особено место има и воспоставувањето на правилно канцелариско работење, како и организирање на сите манифестации, активности и проекти во училиштето.
***Водењето*** пред се се однесува на усогласувањето на односите меѓу луѓето и создавање на здрава клима и амбиент за работа во училиштето.
***Евалторската функција*** на директорот го опфаќа следењето и вреднувањето на се што е планирано и организирано – контрола врз работењето на соработниците и административно-финансискиот и техничкиот персонал и евалвација, насочена кон работата и постигнувањата на наставниците и учениците во училиштето, со цел да се има повратна информација за степенот на реализација на работењето.
Самоевалвацијата за работата на училиштето ги открива силните и слабите страни, па оттукапроизлегуваат промените и активнотите во подрачјата на организирање и осовременување на наставата. Направено е планирање со кое се утврдува мисијата и се тежнее кон визијата.

***Педагошко-инструктивната функција*** на директорот е се позначајна во воспитно образовните институции. Директорот со своето искуство и знаење треаба да биде во состојба да спроведува обуки на наставниот кадар, поточно да биде иницијатор и организатор на стручното усовршување на кадарот и воведување воработата на нововработените.
* * *
Директорот треба да е: добар организатор на работата и истата добро да ја познава, да е добар и праведен кон вработените, да се советува со вработените и да го респектира нивното мислење и предлози, самостоен и иницијативен, доследен, не превртлив и да не го менува постојано своето мислење, секогаш да ја фали добро изработената работа, да се интересира за личните проблеми на вработените, одржува добра работна дисциплина, своето значење да го пренесува на другите, задачите да ги дава јасно и разбирливо, да е дружељубив и ведар, сталожен и стрплив.

Директорот треба да има изразено чувство за битност и ургентност, без кои напредокот на воспитно-образовниот процес и училиштето во целина би бил бавен. Исто така треба да го потхранува ентузијазмотсо нови акции, нови напори, нова визија.

***Работа со стручните органи во училиштето –*** Директорот ги планира и одржува Наставничките совети и одделенските совети, учествува во работата на Стручните активи и останатите стручни тела во училиштето.

***Советодавнаработасо родителите на учениците***

Советодавната работа на директорот со родителите на учениците е една од работите со која се среќава во текот на целата година, со цел за изнаоѓање на адекватни правилни решенија во интерес на учениците. ***Нормативната дејност*** се огледа во следење, проучување, консултирање за законите, прописите и нормативите и нивната правилна примена.

**НЕПОСРЕДНО СЛЕДЕЊЕ НАВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА**

- Изготвување на Годишна програма за работа на училиштето;
- Подготвување Програма за развој на училиштето;
- Увид во техничката и другата подготвеност на училиштето за работа;
- Запознавање соопштата програмска структура
- Формирање на паралелки, воспитно – образовни групи и распределба на часови;
- Свечен прием на учениците во прво одделение;
- Запознавање со прописите и упатствата за водење педагошка документација;
- Помош во изработката на годишните и тематските распределенија на наставниците;
- Советодавна – консултативна работа сонаставниците,родителите,учениците;
- Следење на редовната настава и воннаставните ученички активности;
- Следење на работата на комисиите формирани воучилиштето;
- Следење на работата на техничкиот персонал;
- Следење на работата на административниот персонал;
- Ораганизација и учество во одбележување на празници и други настани;
- Организација во работата на сметководството и увид во финансиски-материјалното работење научилиштето.

**АНАЛИТИЧКО СТУДИСКА РАБОТА**

- Анализирање и проучување на сите видови планирања и програмирања на наставниците;
- Изготвување на извештаи ( полугодишни и годишни за постигнувањата во работењето во текот на учебната година);
- Анализа на постигнатите резултати на учениците за прво и второ тримесечие;
- Анализи на работењето и резултати од работата, прегледи и др.
- Проучувања и анализи на карактеристични проблеми во воспитно-образовниот процес.

**ПЕДАГОШКО-ИНСТРУКТИВНА РАБОТА**

- Насоки за планирање на наставата: глобално, тематско,
- процеснипланирање;
- Планирање на формите, методите и наставните средства;
- Увид во планирањето на наставата;
- Работа со помладите наставници - организација на наставата, посета на
- Часови;
- Посета на часови од редовната настава, дополнителната настава
- и слободните ученички активности;
- Увид на дневните подготовки на наставниците за час;
- Увид во реализација на наставниот план и програма;
- Увид во работата на стручните органи;
- Увид во работата на часот, планирањата и дневникот за работа на наставниците, е-дневникот, психолошката служба , библиотеката и административно-техничкиот кадар

**СОРАБОТКА СО УЧЕНИЦИ**

- Помош при конституирање на работата на ученичките организации, (учество и помош на нивнитесостаноци);
- Насочување и давање помош во организирање на културно-забавниот живот на учениците;
- Присуство на родителските средби;
- Учество во работата на Советот на родители (На покана од претседателот на Советот на родители);
- Следење на резултатите од индивидуалната и групната советодавна работа ( наставник – родител – ученик );
- Наградување на ученици кои се истакнале на натпревари по одделенија
- предмети и активности, како и прогласување на ученик на генерација;
- Работа со ученици кои покажуваат асоцијално однесување;
- Организирање активности за одржување на хигиената воучилиштето
- и надвор од него.

**СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ**

- Учество во планирање, програмирање и грижа за реализација на задачите во работата со Советот на родители на училиштетона барање од претседателот на Советот на родители;
- Планирање и реализација на родителски средби;
- Групни и ндивидуални средби со родители;
- Известување на родителите за работата на училиштето и за измените на правата и обврските на учениците;
- Превземање на проектни активности во кои се вклучени и родителите;
- Редовноинформирање и вклучување на родителите во работата на училиштето.

**КОНЦЕПЦИСКО ПРОГРАМСКО ПОДРАЧЈЕ**

- Распределба на активностите на наставниците по предмети, наставни часови, одделенски раководства и стручни активи;
- Соработка и следење на работата на стручните органи и стручните соработници;
- Планирање и програмирање на редовната, изборната, дополнителна и додатна настава, слободни ученички активности и увиди во нивните работи;
- Учество во реализацијата на развојниот план на училиштето стручно усовршување – посета на семинари, симпозиуми и состаноци.

**РАБОТА НА СТРУЧНИТЕ ОРГАНИ НАУЧИЛИШТЕТО**

- Учество и планирање на работата на стручните органи ( Одделенски Совети, Стручни активи, Наставнички Совети);
- Подготвување и одржување на работната седница на Наставничкиот Совет;
- Работа на Одделенски совети на кои се разгледува успехот, поведението и редовноста научениците во двете тримесечијата и полугодието;
- Увид на Дневникот на паралелката;
- Одржување одделенски совети и наставнички совети за утврдување на годишниот успех.

**СЛЕДЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА И РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ВОСПИТНО – ОБРАЗОВНАТА РАБОТА**

- Запознавање со новите наставни планови и програми, учебници, прирачници;
- Следење и вреднување на наставата;
- Стручно усовршување на наставниот кадар;
- Поттикнување на наставниците за координирана работа и тимска и кооперативна работа;
- Активно следење на реализацијата на програмските задачи на сите стручни органи во училиштето.

- Следење и помош при стручното усовршување на наставниот кадар;
- Грижа за збогатување на училишната библиотека со стручна литература;
- Усовршување на методите за работа во наставата;
- Организира менторства за наставници – приправници.

**СЛЕДЕЊЕНАФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ НАУЧИЛИШТЕТО**

- Инвестиционо одржување на училишниот објект и инвентар;
- Увид воработењето на сметководителот;
- Изработка на Годишен финансиски план, План за јавни набавки, месечни извештаи, Годишна завршни сметки на сметководителот.

**СОРАБОТКАСО ЛОКАЛНАТАСАМОУПРАВА**

- Раководителот на одделението за образование на Општина Карпош;
- Градоначалник на Општина Карпош;
- Совет на Општина Карпош;
- Соработка со основните и средни училишта во општината;
- Соработка со установи од областа на : културата, здравството,безбедноста.

## ОПЕРАТИВЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР ВО УЧЕБНА 2025/2026 ГОДИНА

| МЕСЕЦ | АКТИВНОСТИ |
|---|---|
| **Септември** | -состанок со активите<br>-свечен прием на првачиња<br>-присуство на совет на родители<br>-проверка на годишни програми на наставниците<br>-индивидуални средби со вработените<br>-состанок со стручна служба |
| **Октомври** | -проверка на електронски дневник<br>-посета на часови<br>-индивидуални средби со вработените<br>-состанок со состручна служба |
| **Ноември** | -одделнски совети<br>-наставнички совет<br>-присуство на состанок на УО<br>-состанок со техничка служба<br>-индивидуални средби со вработените<br>-состанок состручна служба |
| **Декември** | -посета на часови<br>-проверка на педагошка евиденција<br>-проверка на е дневник<br>-проверка на тематски распределенија<br>-состанок со претседателите на активи<br>-индивидуални средби со вработените<br>-состанок состручна служба |

| | |
|---|---|
| **Јануари** | -одделнски совети<br>-наставнички совет<br>-состанок со техничка служба<br>-состанок со стручна служба<br>-работа на полугодишен извештај |
| **Февруари** | -присуство на состанок на совет на родители<br>-присуство на состанок на УО<br>-проверка на е дневник<br>-проверка на тематски распределенија<br>-индивидуални средби со вработените<br>-состанок со стручна служба |
| **Март** | -посета на часови<br>--индивидуалнисредби со вработените<br>-состанок со стручна служба<br>-проверка на педагошка евиденција |
| **Април** | -одделнски совети<br>-наставнички совет<br>-состанок со стручна служба<br>-индивидуални средби со вработените<br>-состанок со техничка служба |
| **Мај** | -посета на часови<br>-проверка на е дневник<br>-индивидуални средби со вработените<br>-состанок со стручна служба<br>-проверка на тематски распределенија |
| **Јуни** | -одделенски совети<br>-наставнички совети<br>-состанок со стручна служба<br>-индивидуални средби со вработените<br>-работа на годишен извештај |

| | |
|---|---|
| **Јули** | -наставнички совет<br>-работа на годишен извештај<br>-работа на  годишна програма |
| **Август** | -наставнички совет<br>-работа на годишната програма<br>-состанок со техничка служба<br>-состанок со стручна служба<br>-индивидуални средби со вработените<br>-подготовка за почеток на учебна година |
| **Забелешка** | • Состаноци со градоначалникот и Советот на општина се одвиваат во текот на целата година .<br>• Состаноци со секторот за образование -во текот на целата година.<br>• Соработка со локална заедница - во текот на целата гоина.<br>• Соработка со ДПИ, БРО и МОН - во текот на целата гоина .<br>• Состаноци со актив на директори-во текот на целата гоина.<br>• Присуство на обуки и учество во проекти-во текот на целата година.<br>• Соработка и средби со родители - во текот на целата година.<br>• Соработка со медиуми-во текот на целата година. |

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА

Психологот во училиштето има за цел да го следи психосоцијалниот развој на учениците, како и поддршка и развој на нивните лични карактеристики и силни страни како и влијанието на наставата врз развојот на способностите и креативноста на учениците, грижа за зачувување на менталното здравје, утврдување на фактори кои влијаат на правилниот развој на децата и улогата на семејството и средината во формирање на личноста на учениците.

Во учебната 202/2026 ггодина психологот ќе организира работилници насочени кон развој на самодовербата, прифаќање на одговорноста за сопствените постапки, превенција од врсничко насилствои справување со различни кризни ситуации и др..
Воспитно – образовната дејност во училиштето ќе ја остварува во следните подрачја:

I. <u>РАБОТА СО УЧЕНИЦИ:</u>
- поддршка на учениците во учењето:
- следење и поддршка на развојот на учениците и
- професионална и кариерна ориентација на учениците.

II. <u>РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ:</u>
- поддршка на наставниците во планирањето и реализирањето и воспитно-образовниот процес и самоевауацијата;
- поддршка на наставниците во работата со учениците и
- поддршка на наставниците во работата со родителите.

III. <u>РАБОТА СО РОДИТЕЛИ:</u>
- индивидуални и групни советувања и консултации со родителите;
- едукација на родителите и
- вклучување на родителите во животот и работата на училиштето.

IV. <u>СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА:</u>
- соработка со локалната заедница и
- соработка со стручни институции и организации.

V. <u>ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА:</u>
- личен професионален развој и
- поддршка на професионалниот развој и соработка во училиштето.

VI. <u>АНАЛИТИЧКО – ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА:</u>
- анализа и проценка на воспитно-образовната работа и
- истражување на воспитно-образовната работа
- извештај од спроведени истражување

VII. <u>УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА:</u>
- планирање, следење на воспитно-образовната работа,
- педагошка евиденција и документација,
- евалуација и училишна клима, безбедна средина и демократско учество

| ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ПСИХОЛОГОТ ВО УЧЕБНАТА 2025/2026 ГОДИНА | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1. РАБОТА СО УЧЕНИЦИ** | | | | | | |
| **Област** | **Активности** | **Цели** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/ докази/фор ми/методи** | **Следење/ повратна информација** |
| **Поддршка на учениците во учењето** | Советување на ученици (МОН)-по извршено советување на родители.<br><br>Индивидуално и групно советување на ученици кои<br><br>имаат намаленуспех,<br><br>неоправдано изостануваат иимаат<br><br>несоодветно однесување | Едукација и советување на учениците | Континуирано по<br><br>идентификација на ученикот | Наставник, ученик, | Индивидуална/групна работа, Пријава од наставник | Образец за водење<br><br>евиденција на ученици, Програма за советување ученик |
| | Посета и<br><br>опсервација на ученикот на час | Идентификување и поддршка на<br><br>ученици кои имаат потешкотии со<br><br>учењето,<br><br>несоодветно<br><br>однесување и слаб<br><br>училишен успех | Континуирано | Директор Наставници | Записници од посета на час, разговори со<br><br>ученици/наставници | Извештаи од посети на часови.<br><br>Консултации со наставникот по посетениотчас. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Следење на напредокот на учениците со потешкотии во учењето | Откривање на причините за неуспех во учењето и поддршка на учениците во учењето и помош во подобрување на училишниот успех. Работа на самодоверба | Континуирано | Наставници, Педагог, Родители, Тим за поддршка | Евиденција за разговор, посетана час, анализи на успех | Записници од одделенски и наставнички совет |
| | Упис, следење и набљудување на децата за упис во прво одделение. Испи тување на зрелоста за училиште по потреба. | Информации за идните првачиња | Мај 2026 | Директор, Комисија заупис на првачиња | Документи за упис на ученици во I одд. разговор, список од МВР | Извештај за иницијална состојба на идните првачиња |
| **Следење и поддршка наразвојот на учениците** | Следење на редовноста на учениците. | Увид во редовностана учениците, преземање на соодветни мерки за подобрување. | Во текот на годината | Наставници, родители | Разговори со наставници иродители, упатства | Советодавна работа со ученици и родители |
| | Идентификација и преземање мерки за реагирање во развојни кризи на ученикот | Откриена развојнакриза и подобрување на добросостојбата наученикот | Тек на годината | Директор стр.служба, наставници, родители | Евиденција од разговори и индивидуалнисредби со ученикот, родителот | Откривање на развојна криза, следње |
| | Превенција, идентификацијаи справување со несоодветно однесување на ученикот | Навремено идентификување на насилно однесување и преземање мерки | Тек на годината | Ученици Наставници Родители Директор Институции | Евиденција на психолог, индивидуалнаработа и советување | Записници од активности со ученици и родители наставници, соработка со разни институции |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Поддршка на учениците од I одд во прилагодувањето | Успешно прилагоденипрвачиња во наставниот процес по идентификација на наставникот | Тек на годината | Стручни соработници | Индивидуална средба, консулатции со наставник, стручни соработници | Евиденција од преземените активности |
| | Работа со ученичката заедница и Учениците од VI – IX одделение | Обучување научениците за препознавање,превенција и справување со врсничко насилство | Тек на годината | Стручни соработници, директор, наставници, ученици | Работилници, презентации | Записници од одржаните активности. Превенирање нанасилно однесување |
| | Следење на психосоцијалниот развој и поддршка на ученикот по идентификувана потреба | Поддршка наученикот по идентификувана потреба. Работа насамодоверба и негов потенцијал за развој | Тек на годината | Стручни соработници, наставници | Евиденција од индивидуалнисредби | Евиденција |
| | Работилници за личен раст и развој, разрешување конфликти, комуникација... | Личен раст и развој | Тек на годината | Стручни соработници, наставници | Работилници | Евиденција |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Програма за професионална ориентација (во прилог во годишната програма на училиштетео, со активности) | Да им помогне научениците при изборот на средното училиште согласно способностите, особеностите и афинитетите научениците. | Тек на годината | Наставник по Ѓ.О., кл. Рк. на VIII и IX одд, директор, стручни лица од средни државни и приватни училишта во град Скопје, родиСтели | Работилници извештаи, рефлексија од учениците | Годишен извештај на програмата |
| **2. РАБОТА СО НАСТАВНИЦИ** | | | | | | |
| **Област** | **Активности** | **Цели** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори / докази/форми /методи** | **Следење/ повратна информација** |
| **Поддршка на наставниците за планирање иреализација на воспитно-образовниотпроцес** | Следење на планирањето на оценувањето на учениците со ПОП | Следење во планирањата нагодишните програми на наставниците, | тек на годината | Педагог, Дефектолог, наставници | консултации од планирањата, евиденции одпосети на час | евиденција на психолог |
| | Поддршка во изработката на ЛППР | Усвојување на компетенции | август 2025, јуни 2026 | Директор | Консулатации | успешно изработен ЛППР |
| | Соработка со наставниците во реализација на училишни проекти, МИО активности | Стручна помош на наставниците во реализација на вонна активности иучил.проекти | тек на годината | Ученици Наставници Директор | Евиденција напсихолог, Разговори, консултации, советување, анализи | Евиденција за работа на психолог, извештаи од активности |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка со стручните активиза изработка на годишна за ЛППР | Поддршка воизборот на комептенција на ниво на актив | август 2025 | Директор | консултации, советување | успешно изработена годишна програма за проф.развој |
| | Советување со наставници за понатамошна работа со надарени / талентирани ученици | Стручна помош нанаставниците во идентификување и работа со надарении ученици | Во континуитет | Наставници Родители | разговори, консултации | Евиденција за работа на психолог, Записници од активности |
| | Поддршка во идентификувањето на ученици со емоционални проблеми, потешкотии во учење, ПОП... | Навремено идентификувањена учениците | тек на годината | Дефектолог, наставници | Записници од разговорите | Едвиденција од разговорите |
| | Информирање на наставниците за различни видови тестирања (цели, видови задачи и начини на спроведување). | Успешно спроведување натестирањата. | Тек на годината | Директор, наставници | Известувања, обуки, разговори, работилници | Успешно реализирани тестирања. |
| | Поддршка преку советување за примена на разновидни методи и техники на работа со ученици и организација на училницата за подобар успех. | Подобра социо емоционална клима во училницата и поквалитетна настава. | Тек на годината | Наставници, ученици | Разговор, практични совети | Резултати од оценуцвањето, евиденција |
| **3.РАБОТА СО РОДИТЕЛИ** | | | | | | |

| Област | Активности | Цели | Реализација | Соработници | Индикатори / докази /форми/ методи | Следење/повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Индивидуални и групни советувања консултации со родителите** | Индивидуални и групни советувања на родители чии деца нередовно посетуваат настава, имаат неуспех во учењето или пројавуваат различни облици на несоодветно однесување | Советување на родители според барањата на МОН. | Тек на годината по идентификација на наставникот | Родители, Наставници | Записници од советувањето | Евиденција и следење на промените во однесувањето, Изготвен план за советување, реализирани советувања, доставување на извештаи до МОН |
| | Поддршка на родители на деца со ПОП | Давање поддршка за подобрување на сосотојбата на ученикот | тек на годината | Дефектолог, наставници | евиденција од разговорите | Евиденција за работа на психолог, следење на состојбата |
| | Заеднички договор за превентивни мерки за надминување изразени кризни тешкотии околу воспитувањето/ социјализацијата на ученикот | Поддршка на родителот со цел подобрување на однесувањето наученикот | тек на годината | Стручни соработници | Евиденција од разговорите | Евиденција за работа на психолог, следење на состојбата на ученикот |

**4.СОРАБОТКА СО ЗАЕДНИЦАТА**

| Област | Активности | Цели | Реализација | Соработници | Индикатори / докази / форми / методи | Следење/ повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Организација на наставни и воннастани активности во соработка со локалната средина | Обезбедува њеуслови и за поквалитетно учење. Промоција на соработка со локалната средина | Тек на годината | Родители Директор Наставници стручни соработници | Наставни и воннастав ни активност , разговори , посети | Евиденција на психолог, извештаи од реализирани активности |
| **Соработка со стручни** | Соработка со Министерството | Да се следат препораки-те, | Тек на годината | Директор, секретар | пишана форма | Дописи, известувања, насоки |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **институции и организаци и** | за образование и наука, Биротоза развој на образованието | насоките, наставните плановии други активности во планирање и реализација навоспитно образовниот процес | | Стручни соработници | | задолженија |
| | Соработки соЗавод за ментално здравје , Центриза социјална работа, МВР, ДПИ | Соработка со стручни институции напредок во учење и социјализација научениците | Тек на годината | Родители Директор Наставници Институции | Соработка со стручни институции, извештаи, посети и заеднички активности | Евиденција за работа напсихолог, Извештаи |
| **5.ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ И ПРОФЕСИОНАЛНА СОРАБОТКА** | | | | | | |
| **Област** | **Активности** | **Цели** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/ докази/форми /методи** | **Следење/ повратна информација** |
| **Личен и Проф. развој** | Примена во практиката на новините од струката | Професионален и кариерен напредок, стручно усовршување на психологот | Тек на годината | Надворешни стручни лица од струката | Презентации, обики, состаноци, онлајн вебинари, пишана комуникација и сл. | Евиденција за работа напсихолог, Извештаи |
| | Реализација на разни форми насопствено стручно усовршување вои надвор од училиштето | Професионален и кариерен напредок, стручно усовршување на психологот | Тек на годината | Предавачи, БРО, Псих. здруженија | Идивидуална, групна семинари, предавања разговори, конференции | Евиденција за работа напсихолог, Сертификати |
| | Евиденција и планирање на сопствен Професионален развој | Сопствен Проф. развој | Тек на годината | Директор | Сертификати, докази за посетени и реализирани обуки, анализа на работата | Евиденција за работа напсихолог |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Изработка наЛППР | Лично усовршување | Август 2025 | Директор | Евиденција од активниститe | Прашалници литература.. |
| | Учество во работата на секцијата на училишни психолози Психовизија | Соработка со психолози од др. училишта, | Тек на годината (еднаш месечно) | Директор, | стручни презентации, работилници и дискусии | Колаборација, вмрежувањесо др. психолози |
| **Поддршка на профес. развој и соработката во училиштето** | Водење професионално досие и документација за професионален развој на наставниот кадар | Професионален развој и соработка со наставен кадар во училиштето. | Континуир-ано | Наставници, Директор, Стручни активи | Соработка, водење досие, посета на час | Професионално досие Евиденција за работа напсихолог |
| | Учество во работа на тим за професионален развој на училиштето | Унапредување на професионален развој на наставен кадар | Тек на годината | Тим за Проф. развој | Стручни состаноци, записници, | Записник од Комисијата напрофесионален развој |
| | Учество во инклузивен тим на училиштето | Следење на напредокот и добросостојба на ученикот со ПОП | Тек на годината | Инкл. тим на училиштето | Состаноци | евиденција од состаноците |
| | Поддршка на наставници во реализација на нивната програма, активности и проекти во училиштето | Професионален развој на воспитно-образовен кадар во училиштето | Контин. | Наст. , Директор, Стручни активи | Соработка, Разговори, анализи | Евиденција за работа напсихологот, Извештаи |
| | Информирање и дисеминација на стекнати знаења и вештини одобуки | Интерно стручно усовршување на наставен кадар во училиштето | Контин. | Наст. , Директор, Стручни активи | Дисеминации на знаења и вештини, работилници,раз говор | Евиденција за работа, Извештаи |

**6.АНАЛИТИЧКО-ИСТРАЖУВАЧКА РАБОТА**

| Област | Активности | Цели | Реализација | Соработници | Индикатори/ докази/форми /методи | Следење/ повратна информација |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Анализа и проценка на воспитно-образовната работа** | Анализи и извештаи од работа на училиштето и | Анализа на работењето на училиштето. Унапредување на | Тек на годината | Стручни активи Наставнички совет | Анализи, статистика презентации, извештаи, | Полугодишен и годишенизвештај за работа на училиштето |
| | извештај за сопственатаработа | работата | | Инклузивен тим | дискусии | |
| | Учество во изготвување на Годишна програма на училиштето, Програма за сопственатаработа | Следење и унапредување на работата на училиштето | Тек на годината | Стручни активи Училишен одбор Тим за развојна програма | Анализи, статистика презентации, извештаи, дискусии | Годишна програма научилиштето |
| | Учество во изработка на самоевалуацијата на училиштето и планот за развој | Проценка на работата на сите субјекти во училиштето и на квалитетот на ВОР | Август-декември 2025 | Директор, тимови по подрачја, наставници , родители | Обработка на податоци од прашалници, дискусии, разгледување на извештаи, консултации | Работа во тимови, сумирање на добиените резултати, изработка на крајниот извештај за самоевалуација и планот заразвој |
| | Изготвување анализи, извештаи до МОН, МЦГО, БРО, ДИЦ, ДПИ за разни аспекти од воспитно-образовната работа на училиштето на нивни барања | Анализа на работењето на училиштето. Предлог мерки за унапредување на работата | Континуирано | Наставници Стручни активи Директор Наставнички совет | Анализи, статистика презентации, извештаи, дискусии | Евиденција на психолог.Извештаи, Училишна документација |
| | Анализа на успех и поведение на учениците на по квалификациони периоди | Анализа на ниво научилиште | Квалиф. периоди | Наставници Стручни активи Директор Педагог, Наставнички | Анализи, статистика презентации | Училишна документација,извештаи |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | совет<br>стр служба | | |
| | Анализа на состојбата со насилно однесувањево првото полугодие и крајна учебната година | Анализа на насилството во училиштето | Прво полугодиеи крај на година | Стручни соработниц и, наставници | Листи за евиденција | Евиденција на психолог |
| **Истраж. На воспитно образовната работа** | Истражување за состојбата со насилно однесување во училиштето | Анализа на насилното однесување во училиштето | Декември 2025 | Стручни соработници ,наставници, директор, ученици | Прашалнииици, консулатции, анкети, | Извештаи од истражување, откривање насостојбата и насоки за подобрување |
| **7.УЧИЛИШНА СТРУКТУРА, ОРГАНИЗАЦИЈА И КЛИМА** | | | | | | |
| **Област** | **Активности** | **Цели** | **Реализација** | **Соработници** | **Индикатори/ докази/форми /методи** | **Следење/ повратна информација** |
| **Училишна структура и организација (планирање, следење на настава, педагошка евиденција, документ. и евалуација)** | Водење на педагошка евиденција и документација. | Ажурирање наподатоците и документацијата Следење на Законска регулатива и унапредување на работењето на училиштето | Тек на годината | Директор Комисии | Увиди/ документи, разговори советувања | Водење на сопственднецник за работа, професионално портфолиона наставници, |
| | Изработка на сопствена годишна и месечна програма за работа | Активности на психологот низ учебната година | август 2025 | Директор | План за работа | Годишна програма |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Училишна клима, безбедна средина и демократско учество** | Советодавна помош и поддршка на ученици со загрозено здравје, ученици по ризик и учениците кои се често отсутни од настава | Помош, советодавна поддршка на ученици по ризик и ученици со здравствни и друг вид проблеми | Во текот на годината | Наставници Ученици Родители | Советување, разговор, следење, | Евиденција на Психолог .Записници, извештаи од активности |

**Изработила: Мери Синадиновска - психолог**

# Програма за работа на педагогот за учебната 2025/2026 година

Програмата за работа на педагогот е изработена во согласност со Законот за Основно образование, како и според задачите предвидени со Наставниот план и програма за Основно образование, Статутот на училиштето, Наставните програми, Годиниот извештај за работа на училиштето за учебната 2024/2025 год., Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2025/2026 год. условите, потребите и состојбите на училиштето, како и според календарот за работа во учебната 2025/2026 год.

Целта на оваа програма е преку примена на повеќе современи методи, средства и техники да се придонесе за остварување на предвидените цели и задачи во основното образование, кои се утврдени со Законот за основно образование.
Основните задачи на педагошката служба во училиштето ги опфаќа следниве подрачја:

| РАБОТА СО УЧЕНИЦИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО УЧЕЊЕТО** | | | | |
| **Цели** | **Активности** | **Реализација** | **Соработка** | **Индикатори/докази** |
| **Проценка на подготвеноста на учениците за вклучување во образовниот систем.** | Учество во комисијата за запишување на ученици во училиште (прво одделение); Спроведување на постапката за запишување на ученици; | Мај | Стручни соработници, одделенски наставник | Документација по Процедура за запишување на ученици; |
| **Проценка на јазичните способности кај учениците во почетните одделенија.** | Дијагностичко испитување на подготвеноста за читање и читањето кај учениците во I/II одделение; | Септември | Наставници | Дијагностички тестови; Обработени резултати; Препораки за работа за наставниците и родителите; |
| **Поддршка на сите ученици во учењето, а посебно на оние кои имаат тешкотии.** | Идентификување и поддршка за различните образовни потреби на учениците; | Учебна година | Психолог, дефектолог наставници | Индивидуална и групна работа со ученици; Водење портфолио на ученикот; Давање насоки за наставниците за работа со учениците; |
| **Градење кај учениците високи лични стандарди за успех и позитивен став кон учењето.** | Индивидуална и групна работа со учениците за учењето, успехот, системот на вредности; | Учебна година | Психолог, Наставници | Разговори и проценка на ученици; Препораки за ученици, наставници и родители; Разговори со родители; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подобрување на мотивираноста за учење кај учениците.** | Непосредна поддршка на учениците во учењето. | Учебна година | Психолог, дефектолог, наставници | Разговори со ученици; Препораки за начинот на учење; **Работилници и брошури за ученици.** |
| **СЛЕДЕЊЕ И ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА УЧЕНИЦИТЕ** | | | | |
